РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 02.05.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2163/1 | | |


# ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА

## *Изборното медиумско претставување во првиот круг од изборната кампања - од 4 до 22 април -*

## *Општи методолошки напомени*

**Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси и Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 – Пречистен текст од 26.04.2024**, основните документи што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) ги применува за мониторингот на изборните процеси, се достапни во посебниот банер насловен „Избори 2024 година“ од официјалната интернет-страница: www.avmu.mk. За потребите на извештајов, ги посочуваме најважните насоки од тие два оперативни документа.

**Примерокот за мониторингот** врз изборното медиумско претставување во 2024 година се состои од три програмски сервиса на ЈРС Македонска радио-телевизија: МРТ1, МРТ2 и Собранискиот канал, и од програмските сервиси на десет комерцијални национални телевизии: ТВ Алсат-М; ТВ Алфа; ТВ Канал 5; ТВ Сител; ТВ Телма; ТВ 21-М; ТВ Клан Македониа; ТВ Шења; ТВ 24 Вести и ТВ Сонце. За другите програмски сервиси, кои по некој начин го покриваа изборниот процес, се постапуваше врз основа на претставки. Мониторингот ги опфаќа програмските сервиси на оние телевизии што го исполнуваат критериумот за дневен досег повисок од 1 отсто - потврден според истражувањето направено од „Маркет Вижн“, за периодот април-јуни 2023 година[1].

**Предмет на надзорот** беше севкупното програмско деноноќие за периодот на деветнаесетдневната изборна кампања за Претседателските избори - од 4 до 22 април - од кое се анализираа облиците на т.н. „изборно медиумско претставување“. Од дневноинформативните изданија (ТВ Дневници/вести) за анализа беше издвоено – централното издание, тоа што и самите редакции го сметаат за најрелевантно според опфатот и уредувачката организација на новинарските прилози за изборниот процес, а од вкупниот обем емитувани интервјуа и дебати беа селектирани само тие чија основна содржина беа претседателските и/или Парламентарните избори. Мониторингот на севкупното програмско деноноќие го опфати и изборниот молк - 23/24 април.

**Принципите на *еднаквост* и на *пропорционалност***, се пропишани во членот 75-а од Изборниот законик (ИЗ) како основи за постигнување баланс во известувањето за изборите. За изборното медиумско претставување за Претседателските избори, се применува принципот на еднаквост кој подразбира дека со еднаков медиумски (ТВ/радио) третман ќе им се приоѓа на изборните активности на пријавените кандидати за претседател на државата. При извлекувањето на оценките за балансот во известувањето, мониторингот на АВМУ споредбено го зема предвид и – интензитетот/капацитетот на кампањата на учесниците во изборниот процес. При тоа, се има предвид и делумното совпаѓање на календарот за тековните изборни кампањи за првиот круг од Претседателските и за Парламентарните избори во периодот – 18/22 април, при што, за вториов изборен процес, балансот во известувањето за реализираната изборна агенда на политичките партии и на коалициите што Државната изборна комисија (ДИК) ги регистрираше за учесници во изборниот процес, ќе се третира во посебен извештај, по гласањето на 8 мај, во кој балансот ќе се оценува според принципот на пропорционалност согласно бројот на потврдени кандидатски листи во шесте изборни единици.

[1] Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на ТВ станиците, за периодот април – јуни 2023 година, достапно на: https://shorturl.at/doW16

**Изборното медиумско претставување преку програмските сервиси од Македонската радио-телевизија** е уредено со посебни услови од членот 76-а во Изборниот законик, според кои се бара времетраењето на централното издание на ТВ Дневникот да биде процентуално поделено на следниов начин: *- 30 отсто прилози (време во вестите) за активностите на политичките партии од власта; - 30 отсто прилози за активностите на политичките партии од парламентарната опозиција; – 10 отсто прилози за активностите на политичките партии без претставник во Собранието и – 30 отсто прилози за настани од државата и од светот*. На овие услови е адаптирана и Методологијата за мониторингот на АВМУ, која, пак, и на претходните изборни циклуси експлицитно посочи дека така наметната законска принуда е повеќекратно ограничување на новинарската слобода – и при редакцискиот избор релевантни општествено-политички теми и при изборот сообразен новинарски жанр за нивно обмислување – така што, на пример, редакцијата на ТВ Дневникот е уредувачки принудена исклучиво да регистрира, без можност да анализира одредено општествено-политичко случување, ситуација и/или состојба. Истовремено, законската обврска дека во рамките на секоја од трите целини од дневноинформативните емисии (30%+30%+10) времето ќе биде распределено следејќи го принципот на баланс (еднаквост меѓу претседателските кандидати) резултираше токму со суштински дисбаланс – како што е објаснето подолу во клучните наоди од мониторингот.

**Известувањето за изборниот процес во формат пристапен за лицата со сетилна попреченост** е пропишано во член 75 ставови 1 и 4 од ИЗ и операционализирано во Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 (Пречистен текст). Имено, сите телевизии на државно ниво кои објавуваат платено политичко рекламирање имаат обврска да известуваат за изборите на начин што е достапен за лицата со попреченост, користејќи знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, така што задолжително ќе емитуваат најмалку едно издание на вести, во периодот од 16:00 до 24:00 часот секој ден и најмалку една друга емисија поврзана со изборниот процес, во периодот од 16:00 до 24:00 часот, еднаш неделно.

**Методот на анализа на содржината**, кој примарно го применува АВМУ во својот организиран мониторинг, адаптиран според горепосочените услови пред сè од ИЗ, овозможува:

1) *- квантификација методолошки селектирани податоци;*
2) *- анализа на жанровското обликување аудиовизуелен материјал; и на*
3) *- етичките принципи во работењето на новинарите: плуралитетот општествено-политички опции/ставови во целината на новинарските прилози и конотативноста на новинарскиот прилог/целина од аспект на човековите права и слободи;*

Во контекстот, пак, на (етичките) правила и принципи при медиумското известување, опфатени со одредби од ИЗ и од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услови (ЗААВМУ), методот за анализа на содржината овозможува увид и во:

*- начинот на известување во вестите за учесниците во изборниот процес;*
*- начинот на известување во вестите за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања;*
*- условите за пристап и третманот на учесниците во изборниот процес во посебните информативни емисии (интервјуа/дебати);*

*- почитување на обврската за известување за изборите во формат пристапен за лицата со сетилна попреченост;*
*- почитувањето на правилата за емитување платено политичко рекламирање и бесплатно политичко претставување;*
*- почитувањето на забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства;*
*- евиденција на законски забранети случаи кога уредници, новинари, водители и презентери во радио и телевизиските програми истовремено учествуваат и во предизборни активности на учесниците во изборниот процес;*
*- почитување на правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење;*
*- почитување на забраната за поттикнување омраза и нетрпеливост – според ЗААВМУ;*
*- почитување на правилата за изборниот молк.*

## *Клучни наоди*

***<u>Претседателските избори во:</u>***

- ***<u>ТВ дневникот/вестите</u>***

Речиси сите мониторирани телевизии го почитуваа принципот од ИЗ за – еднаков третман при изборното медиумско претставување на кандидатите за претседател на државата во вестите пропишан во членот 75 став 1 и во членот 75-а став 1, алинеја а од Изборниот законик. Исклучок е ТВ 21-М која не го почитуваше овој принцип бидејќи донесе уредничка одлука во вестите да не известува за проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска, кандидатка поддржана од партијата Левица.

Редакцискиот пристап кај сите телевизии беше - идентичен: Организираните активности во прилог на претседателската кампања беа одвоени во посебна информативна рубрика каде што се прикажуваа поенти извлечени од обраќањата на кандидатите пред гласачите (*главно - снимки од митинзи/средби со граѓани*), а минималните квантитативни разлики од ваквиот пристап, во основа произлегоа од три причини: 1) - малиот обем почетни изборни активности на д-р Бујар Османи (ДУИ/Коалиција Европски фронт) и на д-р Арбен Таравари (Влен/Вреди) поради совпаѓање на изборната кампања со чествувањето на празникот Рамазан Бајрам; 2) - вонизборните активности на проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова (*инцијативата преку Државната комисија за спречување на корупцијата – ДКСК, за судско обжалување предизборно вработување и склучување договори со 130 слушатела на почетни обуки во Академијата за судии и јавни обвинители - АСЈО*), и 3) - демантите и најавите за тужба што проф. д-р Стево Пендаровски ги даваше како одговор на континуираните јавни прозивки од опозициската ВМРО ДПМНЕ за нерегуларно водење на изборната кампања.

И на овој изборен процес, посебното барање за гореспоменатата математичка, односно – неновинарска/уредувачка логика при поделбата на информативната целина од централните ТВ дневници на МРТ1 и на МРТ2, се отслика - директно и потполно контрадикторно, на основниот принцип од ИЗ за – „еднаквост“ - во медиумскиот третман на учесниците во изборниот процес. Така, сега во делот од 30% од споменатата информативна целина, отстапен за активностите на партиите од актуелната власт, влегоа и кампањите на два кандидата - проф. д-р Стево Пендаровски (*СДСМ/Коалиција за Европска иднина*) и на д-р Бујар Османи (*ДУИ/Коалиција Европски фронт*); во делот од 30% во кој беше распределено известувањето од кампањата на собраниската опозиција, влезе изборното известување за четворица претседателски кандидата: проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова (*ВМРО ДПМНЕ/Коалиција Твоја Македонија*); проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска (*Левица*); д-р Арбен Таравари (*Коалиција Влен/Вреди*) и на Стевчо Јакимовски (*ГРОМ/Коалиција Храбро за Македонија*); а, делот од 10%, пак, целосно му припадна на Максим Димитриевски, претседателскиот кандидат и лидер на движењето *ЗНАМ - За наша Македонија* како единствен кандидат од вонпарламентарна партија. На овој начин, најочигледно се покажа суштинската погрешност на овие одредби бидејќи токму со нивното стриктно почитување наместо (приближно) еднакво време, претседателските кандидати со ист интензитет на кампања добија значително различно време.

- ***Интервјуата***

Во периодот на официјалната изборна кампања - од 4 до 22 април - само Првиот програмски сервис на Македонската радио-телевизија и комерцијалната ТВ 24 Вести направија интервјуа со сите седуммина кандидата за претседател на државата. Во програмските сервиси на – МРТ2, ТВ Телма, ТВ Канал 5 и на ТВ Алсат-М, некои од изборните интервјуа или беа веќе направени во предизборието или, пак, од различни причини, одредени кандидати не ја претставија својата изборна понуда преку овој начин за медиумска комуникација со потенцијалните гласачи. Единствено ТВ 21-М и во интервјуата, како една од формите на посебните информативни емисии, не го почитуваше принципот на баланс за претседателските избори пропишан во членот 75 став 1 и во членот 75-а став 1, алинеја а од Изборниот законик, бидејќи не реализираше интервјуа со кандидатката поддржана од партијата Левица проф. д-р Билјана Ванковска – Цветковска и кандидатот поддржан од ГРОМ/Коалиција Храбро за Македонија Стевчо Јакимовски. Притоа, медиумот на никаков начин не ги извести гледачите зошто не реализирал интервјуа со овие двајца кандидати, а на 30 април испрати допис во кој ја извести АВМУ за одлуката да не ја покрива кампањата на проф. д-р Ванковска – Цветковска, но не даде известување зошто нема интервју со Стевчо Јакимовски. ТВ Шења најави дека ќе им се даде можност на сите претенденти за претседател на државата да ги презентираат своите изборни адути, но – до 22 април, крајот на кампањата, беа реализирани само три од можните седум интервјуа.

ТВ Канал 5 преку куси интервјуа направи шест ТВ-портрета на кандидатите за претседател, прикажувајќи ја пред сè дневната рутина на нивниот приватен, неполитички лик, а од оваа медиумска/комуникациска форма своеволно се откажал само д-р Бујар Османи, кандидатот поддржан од ДУИ/Коалиција Европски фронт. На сличен начин, и ТВ Сител низ утринската, забавно-информативна програма се обиде да ги прикаже претседателските кандидати, но на поканата му се одѕвале само тројца од седумте изборни соперника. ТВ Алфа, пак, низ критички новинарски осврт ги портретираше исклучиво професионалните и политичките биографии на претендентите за „шеф(ица) на државата“.

- ***Дебатите***

Само МРТ1 успеа да организира дебатно соочување на кое присуствуваа сите седуммина кандидата за претседател на државата.

- ***Принципите еднаквост и пропорционалност***

Во однос, пак, на аудиовизуелниот квалитет на известувањето за претседателската кампања, се повторува забелешката дека поради недостиг од ажурна дописничка мрежа, екипирана со воедначени продукциски стандарди, редакциите се принудени да адаптираат аудиовизуелен изборен материјал доставен или од комуникаторските/маркетиншките тимови на кандидатите за претседател на државата или од нивните официјални профили на социјалните мрежи - што беше сосем очебијно од применетиот начин на снимање/кадрирање, од сценографската/амбиенталната поставка за изборното претставување и од дополнителната графичка обработка на медиумски презентираниот аудиовизуелен материјал. Оттаму, мошне голем дел од така обликуваните информативни прилози претставуваат проста дневничка регистрација на зацртана политичка агенда, а не се производ на автентичен новинарски труд што пред сè се заснова врз навременост на известувањето, преиспитување на податоците преку правовремено поставени прашања и врз способност за соодветен избор жанровско вообштување поенти од обемен изборен аудиовизуелен материјал. Последователно, од продукциско гледиште, репрезентативноста на (новинарските) прилози за

изборни теми во анализираните изданија на вестите, се покажува директно зависна од таквата комуникациска практика, а најчесто претставува едноставен монтажен збир нестандардизирани облици аудиовизуелна продукција - нуспродукт од постојната продукциска инфраструктура за поддршка на учесниците во изборниот процес, односно од капацитетите за организација митинзи/средби со граѓани, како и за снимање и за презентација на промотивниот изборен материјал. Затоа, низ одредени прилози се наѕираше дека изборната иконографија (митинзи/плакати/билборди/паноа) за Претседателските избори веќе се користи како увертира и за партиски потреби и цели на тековните Парламентарни избори. Сето тоа посебно доаѓа до израз преку споредбата на редакциската обработка на тематски исто мотивираните новинарски прилози.

Меѓу општествените теми обележани со буквално беспризорна, брутална и вулгарна партиска предизборна политизација од ривалството меѓу владејачката СДСМ и опозициската ВМРО ДПМНЕ, како најзастапени во ТВ дневниците, мониторингот ги евидентираше: пожарот што ја пеплоса скопската Универзална сала; полициското приведување на новинарот Фуркан Салиу по инцидент на фудбалски натпревар; личните навреди како дел од реториката во изборната кампања; годишните оценски извештаи од Фридом Хаус, Светската банка и од ММФ за прогресот/регресот на македонското општество. Таквата контекстуализација, односно – „политизацијата“, не ја избегнаа ни честите протести и штрајкови на синдикати или на граѓански организации, посебно во секторот на здравството (*специјализанти/помошен медицински персонал/технички дефекти и затворање операциски сали/одлив школуван медицински кадар*).

Поради повторливоста на гореопишаните случаи, а посебно поради повторливоста на изборот партиски претставници за интервјуа и за дебати, и на сегашниов, двоен изборен процес, АВМУ покрај задолжителното, формално потсетување за медиумите, беше принудена одново да појаснува дека принципите - „<u>еднаквост</u>“ и „<u>пропорционалност</u>“ – при медиумското претставување на кандидатите за Претседателските и за Парламентарните избори се впишани како основни обврзувачки поими од ИЗ, а дека наводната – „*партиски условена селективност на објективното новинарско работење*“ – не може да биде однапред подготвено оправдание за релативизација на тие два основни принципа, згора на тоа, пак, и како некаков обид за регулациско - „*мешање во уредувачката политика*“?! Јасно е: Во комуникациски услови на општо и мошне лесно достапен техничко-технолошки мултимедиумски плурализам (ТВ/радио/Интернет), со други зборови – во конкурентски отворен комуникациски амбиент, веќе се беспредметни обидите за криење и за манипулација на мотиви и/или на податоци за одредена политичка (изборна) активност, кои се важни и за потенцијалните гласачи и за секторски сегментираната, стручна јавност. Оти, во спротивно - еднострaноста во комуникациската релација (*учесник на изборите - медиум*) нужно завршува на самата граница меѓу – пропагандата (форсирано пропагирање една политичка идеја) и – професионалното новинарство. Таа граница, пак, го покажува како погрешно сфаќањето на одредени новинарски редакции дека – „политичкиот плурализам“, прагматично мора да се сведе на нужен, а новинарски непродуктивен избор меѓу биполарни партиски табори (најчесто СДСМ/ВМРО ДПМНЕ), и дека какво било друго (законско) барање за медиумска застапеност други политички гласови - треба да се смета за некаков притисок врз новинарските права и слободи.

- ***<u>Пристапноста на содржините за лицата со сетилна попреченост</u>***

Како програмска придобивка од овој изборен циклус, треба да се истакне дека – освен ТВ Клан Мацедониа, програмските сервиси на сите медиуми опфатени со анализата на мониторингот – обезбедија секојдневно едно издание на централните ТВ дневници и неделно едно издание на актуелно-информативна емисија – со титлување или со превод на знаковен јазик да бидат достапни за лицата со сетилна попреченост. ТВ Клан, во периодот од 4 до 22 април 2024 година, го прекрши

членот 75 став 1, а во врска со членот 75 став 4 алинеја 1 од ИЗ со тоа што во првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 година, не емитуваше ниту едно издание на вестите на дневно ниво и ниту една програмска содржина на неделно ниво емитувана во периодот од 16:00 до 24:00 часот за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност.

Она на што останува да поработат телевизиите е – квалитетот на обезбедената пристапност. Имено, кај телевизиите кои користеа толкувач со знаковен јазик, единствено ТВ 24 Вести го прикажуваше толкувачот во поделен екран кој е доволно голем за да биде јасно видлив за лицата за кои е наменет. Кај сите други се користеше премногу мал поделен екран и гестовиот говор на толкувачите не беше доволно видлив, односно поделениот екран со толкувачите треба да биде најмалку двојно поголем. Во поглед на титлувањето – пожелно е да се користи покрупен фонт, треба да се внимава титлот да биде цело време видлив, односно да не се меша или преклопува со другите графички елементи на екранот (кајрон, лого, импресум и сл.) и титлот треба да биде во боја доволно различна од позадината за да биде читлив.

# ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

## Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1)

### ***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник 2,* од 19:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 до 22 април);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 8 часа 6 минути и 1 секунда;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Анализата на дневноинформативните емисии во првиот круг од Претседателските избори, покажува дека Првиот телевизиски програмски сервис (МРТ1) професионално одговори на барањата од ИЗ што е обврзан да ги спроведува во текот на изборната кампања во поглед на структурата во дневноинформативните емисии, односно: 30% од времето да емитува информации за дневните настани од државата и од светот; 30% да одвои за активностите на политичките партии на власт; 30% од времето да информира за активностите на опозициските партии, а во преостанатите 10% - за активностите на партиите што не се претставени во Собранието. На тој начин го оствари првиот дел од двостепената постапка за исполнување на балансот во дневноинформативните емисии, утврден во членот 76-а став 2 од ИЗ. Во анализираните 19 изданија на Дневникот 2, за активностите на партиите од власта и за активностите на партиите од собраниската опозиција, беа одвоени безмалку еднакви времиња - 2 часа и 23 минути за власта и 2 часа и 27 минута за опозицијата, што прикажано во проценти, пак, е соодветно на – 29,44%, односно на 30,36%. Во времето за активностите на партиите од власта влегуваат времињата на двајцата кандидати за претседател на државата: проф. д-р Стево Пендаровски и д-р Бујар Османи, поддржани од коалициите на двете владејачки партии, СДСМ и ДУИ, односно активностите на коалициите за Парламентарните избори - Европски фронт, предводена од ДУИ и Европска иднина, предводена од СДСМ. Ова произлезе од делумното совпаѓање на крајот на кампањата за првиот круг од Претседателските избори со почетокот на кампањата за Парламентарните избори.

Времето за активностите на партиите од собраниската опозиција го сочинуваат изборните промоции на четирите претендента за претседател: проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, д-р Арбен Таравари, Стевчо Јакимовски и проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска, како и активностите на коалициите и партиите што ги поддржуваат, а се однесуваат на тековната кампања за Парламентарните избори: Коалицијата Твоја Македонија - ВМРО ДПМНЕ, Коалицијата Влен/Вреди, Коалицијата Храбро за Македонија и партијата Левица. За активностите на вонпарламентарните партии, пак, односно во случајов – кандидатот за претседател Максим Димитриевски и за Движењето ЗНАМ – За наша Македонија, беа одвоени вкупно - 38 минути или 7,80% од вкупното времетраење на анализираните прилози. Информациите поврзани со настаните од државата и од светот беа застапени со 32,40% од вкупното времетраење на анализираните прилози во централното издание на вестите.

МРТ1 го почитуваше и правилото од член 76-а став 12 и, известувањето за редовните активности на претставници на извршната и на општинските власти не беше во функција на нечија изборна кампања.

***Табела 1:* Процентуална застапеност на темите во дневноинформативното издание на МРТ1**

| МРТ 1 | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| Дневни настани од земјата и светот | 02:37:27 | 32.40 % |
| Активности за кампањите на политичките партии што не се во Собранието | 00:37:56 | 7.80 % |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | 02:23:05 | 29.44 % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | 02:27:33 | 30.36 % |
| **Вкупно:** | **08:06:01** | **100 %** |

Во делот од анализираните изданија на Дневникот 2 отстапен за активностите на партиите што ја сочинуваат власта, МРТ1 одвои идентичен простор за активностите од кампањите на двајцата претседателски кандидата: проф. д-р Стево Пендаровски - 59 минути и 31 секунда; д-р Бујар Османи - 59 минути и 48 секунди, поддржани од двете владејачки партии - СДСМ и ДУИ, и од нивните засебни коалиции. Притоа МРТ1 целосно го почитуваше принципот за баланс во рамките на времето одвоено за партиите на власт, односно принципот на еднаквост, утврден во членот 76-а став 3 од ИЗ.

Принципот за избалансираност МРТ1 го следеше и во рамките на времето гарантирано за изборните активности на опозициските партии. Четворицата претендента за претседателската функција на државата, зад чиишто кандидатури стоеја парламентарни опозициски субјекти и нивните коалиции, добија еднаков временски простор за презентација на нивните теренски активности: проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова (поддржана од ВМРО ДПМНЕ/Коалиција Твоја Македонија) – 31 минута и 26 секунди; д-р Арбен Тарвари (од Коалицијата Влен/Вреди) – 30 минути и 33 секунди; проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска (Левица) – безмалку 30 минути и Стевчо Јакимовски (ГРОМ/Коалиција Храбро за Македонија) – 30 минути и 12 секунди.

Во делот од информативното време за активностите на вонпарламентарните партии, МРТ 1 известуваше за активностите на претседателскиот кандидат Максим Димитриевски, кој е воедно и лидер на Движењето ЗНАМ – За наша Македонија, со вкупно траење од безмалку 30 минути.

Во дневните настани од државата и од светот, преовладуваа известувањата за: ангажманот на институциите со своја улога во организацијата на изборниот процес (*ДИК, Народен правобранител, МВР*); протестот/штрајкот на младите лекари специјализанти и одливот на млади доктори во странство; ситуацијата со заразните болести пертусис и морбили (*вакцинација/апели на доктори/податоци од Институтот за јавно здравје*); информациите за штрајкови на повеќе синдикални организации; пожарот во „Универзалната сала"; конфликтот Иран - Израел низ призма на евакуациските активности на македонското МНР; пресудите на Управниот суд по спорот меѓу ДКСК и АСЈО за (не)законитоста на вработувања во време на изборен процес.

*Табела 2: Застапеност на субјектите во вести по теми на МРТ1*

| МРТ 1 | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | |
| Стево Пендаровски | 00:59:31 | 41.61 % |
| Бујар Османи | 00:59:48 | 41.80 % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:12:36 | 8.81 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:11:10 | 7.78 % |
| **Вкупно за активности за кампањите на пол. партии на власт:** | **02:23:05** | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:31:26 | 21.30 % |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:06:23 | 4.33 % |
| Арбен Таравари | 00:30:33 | 20.70 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:06:21 | 4.30 % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:29:59 | 20.32 % |
| Левица | 00:06:26 | 4.36 % |
| Стевчо Јакимовски | 00:30:12 | 20.47 % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:06:13 | 4.21 % |
| **Вкупно за активности за кампањите на пол. партии во опозиција:** | **02:27:33** | 100 % |
| Дневни настани од државата и од светот | | |
| Други субјекти | 00:28:25 | 17.87 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:05 | 1.96 % |
| Судство | 00:02:06 | 1.34 % |
| Граѓани | 00:09:14 | 5.88 % |
| Влада | 00:15:03 | 9.58 % |
| Вести од светот | 00:41:38 | 26.50 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:06:52 | 4.37 % |
| Граѓански сектор | 00:12:41 | 8.07 % |
| ДИК | 00:11:57 | 7.61 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:01 | 5.74 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:00:55 | 0.58 % |
| Здравство | 00:02:50 | 1.80 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:07 | 6.44 % |
| СДСМ | 00:00:28 | 0.30 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:28 | 0.30 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:37 | 1.67 % |
| **Вкупно за дневни настани:** | **02:37:27** | **100 %** |
| **Активности за кампањите на политичките партии што не се во Собранието** | | |
| Максим Димитриевски | 00:29:53 | 78.78 % |

| | | |
|---|---|---|
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:03:56 | 10.37 % |
| Работничка партија | 00:02:10 | 5.71 % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:00:53 | 2.33 % |
| Родина Македонија | 00:01:04 | 2.81 % |
| **Вкупно за активности на пол. партии кои не се во Собранието:** | **00:37:56** | 100 % |

**Вкупно анализирано време во вести: 08:06:01**

***<u>Посебни информативни емисии</u>:***

МРТ 1 во текот на првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори, од 4 до 22 април, емитуваше соочување меѓу седумте кандидата за претседател на државата, како и дебатни емисии со учесници од партиите на власта и на опозиција, со што ја исполни обврската од членот 76 – а став 11 од ИЗ. Првиот програмски сервис на ЈРС емитуваше и интервјуа со сите седум кандидата за претседател на државата и се придржуваше до правилата за - правично, избалансирано и непристрасно известување.

***Интервјуа***

Низ 13 интервјуа, со кандидатите за претседател(к)а на Републиката и со експерти и аналитичари, МРТ1 им овозможи на своите гледачи еден посеопфатен поглед на целокупноста на изборниот процес.

***Табела 3: Интервјуа на МРТ1***
(премиерно емитувани)

| МРТ1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **05.04.** | Александар Кржаловски – директор на МЦМС; | - партиските наративи во изборната кампања;<br>- улогата на граѓанските организации во изборите;<br>- партиските програми и приоритетите на идната влада;<br>- изборите во ЕУ – процесот на проширување; | **Агенда 35** |
| **08.04.** | д-р Бујар Османи – кандидат за претседател поддржан од ДУИ/ Коалицијата Европски фронт; | - мотивите за претседателската кандидатура – Коалицијата што го поддржува;<br>- ЕУ интегративниот процес – уставните измени;<br>- ставовите на ВМРО ДПМНЕ за ДУИ и „балансерот“;<br>- изборната програма за Претседателските избори;<br>- очекувања од изборите; | **360 степени** |
| **08.04.** | д-р Арбен Таравари – кандидат за претседател поддржан од Коалицијата Влен/Вреди; | - мотивите за претседателската кандидатура;<br>- ЕУ интегративниот процес – уставните измени;<br>- услови за постизборно коалицирање;<br>- проектот „Отворен Балкан“ – релациите со косовскиот премиер;<br>- идејата за граѓански устав – став за „балансерот“; | **360 Степени** |
| **10.04.** | Бојан Кордалов – специјалист за комуникации; | - политичката реторика на социјалните медиуми во изборите;<br>- реториката на политичарите на традиционалните медиуми;<br>- стагнација или напредок во политичката реторика; | **Македонија наутро – утринска програма** |
| **15.04.** | Билјана Настевска - Калановска – од | - говорот на социјалните мрежи во изборен период; | **Македонија наутро –** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Здружението на новинарите на Македонија; | - алатки за заштита согласно Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси;<br>- медиумското информирање за време на избори;<br>- платформа за разобличување дезинформации; | **утринска програма** |
| **15.04.** | Стевчо Јакимовски – кандидат за претседател поддржан од Гром/ Коалицијата Храбро за Македонија; | - обвинувањата од лидерот на ВМРО ДПМНЕ кон Јакимовски;<br>- односите со партнерите во Коалицијата;<br>- уставните измени и односите со Бугарија;<br>- членството во НАТО, воената помош за Украина;<br>- односите со противкандидатите, очекувања од изборите; | **360 Степени** |
| **15.04.** | проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска – кандидатка за претседател поддржана од Левица; | - обвинувањата од лидерот на ВМРО ДПМНЕ кон Ванковска;<br>- идејата за политичка нација и нов устав;<br>- договорите со Грција и Бугарија, членството во ЕУ и НАТО;<br>- изборната кампања и очекувања од изборите; | **360 Степени** |
| **17.04.** | Елена Данова – од Здружението за едукативен развој Еквалис; | - „Избери избори“, кампања за едукација на младите за избирачките права;<br>- активности за едукација на младите за избори;<br>- ставот на младите за изборните кампањи;<br>- политичка едукација на младите; | **Македонија наутро – утринска програма** |
| **18.04.** | Максим Димитриевски – кандидат за претседател поддржан од Движењето ЗНАМ – За наша Македонија; | - излезноста на двојните избори;<br>- приоритети во изборната програма на ЗНАМ;<br>- уставните измени и односите со Бугарија;<br>- справување со криминалот и корупцијата;<br>- очекувања од двојните избори; | **360 Степени** |
| **19.04.** | проф. д-р Александар Даштевски – претседател на ДИК; | - подготвеноста на ДИК за двојните избори;<br>- оценка за изборната кампања;<br>- избирачкиот список и потребата од прочистување;<br>- влијанието на хаосот со документите врз избирачкото право;<br>- доверба во ДИК, професионализација на Комисијата; | **Избори 2024** |
| **19.04.** | Леа Огњаноска – докторантка по право на ЕУ; | - измени на Изборниот законик;<br>- висок праг за независни кандидатски листи;<br>- злоупотреба на Препораките на ОБСЕ/ОДИХР;<br>- демократскиот капацитет на партиите; | **Агенда 35** |
| **22.04.** | проф. д-р Стево Пендаровски – кандидат за претседател поддржан од СДСМ/Коалицијата за Европска иднина; | - изборната програма, рејтингот - личен и на СДСМ;<br>- прозивките од лидерот на ВМРО ДПМНЕ;<br>- изборна програма (ветинг во правосудството, преговорите со ЕУ);<br>- можниот бојкот на вториот изборен круг; | **360 Степени** |
| **22.04.** | проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова кандидатка за претседател поддржана од ВМРО ДПМНЕ/Коалицијата Твоја Македонија | - став за програмата на ВМРО ДПМНЕ во делот на правосудството;<br>- реформа на Уставот;<br>- реформи на безбедносните агенции;<br>- уставните измени и односите со Бугарија;<br>- можниот бојкот на вториот изборен круг;<br>- очекувања од Претседателските избори; | **360 Степени** |

## ***Дебати***

Во анализираниот период, од 4 до 22 април, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија продолжи со дебатните изданија на емисијата „Објектив“, во којашто беа емитувани резултати од испитувања на јавното мислење, за Македонската телевизија спроведени од Институтот за политички истражувања - Скопје, а поврзани со претстојните двојни избори, при што политички

аналитичари и новинари ги коментираа резултатите за општествените движења и за рејтинзите на политичките партии и на кандидатите за претседател.

МРТ1, во извештајниот период, емитуваше две изданија од дебатната емисија „Избори 2024". Во првото, ставовите ги соочија претставници од најголемите политички партии од власта и од опозицијата – СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, а доминантно се дискутираше за економските изборни програми на двете партии (*капитални странски инвестиции/економски раст/буџетски дефицит – јавен долг/економски мерки за намалување на корупцијата и на невработеноста*). Во второто, поради откажувањето од владејачките партии, гостуваа само претставници на опозицијата, а се дискутираше за прашања поврзани со двојните избори (*очекувања од идниот шеф на државата/реформи во администрацијата по изборите/уставните измени*).

Единствената дебатна емисија, со сите седуммина кандидата за претседател на државата, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија ја реализираше во рамките на емисијата - „Избори 2024 – соочување". Се дискутираше за главните прашања од нивните изборни програми: внатрешната и надворешната политика, дипломатијата, борбата против корупцијата, економијата и животниот стандард.

***Табела 4: Дебатни емисии на МРТ1***
(премиерно емитувани)

| МРТ1 | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **05.04.** | 1. проф. д-р Иванка Василевска, од ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата Твоја Македонија;<br>2. Азир Алиу, од Алијанса на Албанците (*Арбен Таравари*) и Коалицијата Влен/Вреди;<br><br>**Биле поканети и претставници од СДСМ и ДУИ, но не се одзвале на поканата.** | **Избори 2024** |
| **09.04.** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>3. Борјан Јовановски, новинар;<br>4. Горан Момировски, новинар; | **Објектив** |
| **12.04.** | 1. проф. д-р Трајко Славески, член на ИК на ВМРО ДПМНЕ;<br>2. Јован Деспотовски, од СДСМ – директор на Дирекција за ТИРЗ; | **Избори 2024** |
| **16.04.** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>3. Газменд Ајдини, политички аналитичар;<br>4. Александар Чомовски, новинар; | **Објектив** |
| **21.04.** | 1. проф. д-р Стево Пендаровски – СДСМ/Коалиција за Европска иднина;<br>2. проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова - ВМРО ДПМНЕ/Коалиција Твоја Македонија;<br>3. Стевчо Јакимовски, Гром/Коалиција Храбро за Македонија;<br>4. д-р Бујар Османи, ДУИ/Коалиција Европски фронт;<br>5. проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска – Левица;<br>6. д-р Арбен Таравари, Коалиција Влен/Вреди;<br>7. Максим Димитриевски - Движење ЗНАМ – За наша Македонија; | **Избори 2024 - соочување** |

### *Други информативни емисии*

Во три од магазинските изданија на информативната емисија „360 степени", беа емитувани повеќе стории поврзани со двојните избори, за: реалната остварливост на ветувањето од изборната програма на ВМРО ДПМНЕ за распуштање на Судскиот совет и на Советот на јавни обвинители; остварливоста на изборното ветување на СДСМ за просечна плата од 1100 евра и минимална плата од 600 евра до крајот на мандатот; пораките што ги испраќаат кандидатите за претседател преку изборните слогани и преку средбите со граѓаните; укинувањето/ревидирањето на „балансерот" при вработувања во јавната администрација, како дел од изборната програма на ВМРО ДПМНЕ и колку е тоа реално возможно; колку претседателските кандидати се присутни на социјалните мрежи, главно на „Тик-Ток", со цел да допрат до помладите гласачи.

Тема на емисијата „Само прашај" беше остварувањето на избирачкото право на граѓаните, со акцент на гласачкото право на лицата со попреченост и запознавање со институциите што постапуваат доколку е повредено правото на глас по која било основа, во насока на едукација на гласачите за остварување на уставно загарантираното право. Во едно издание од информативната емисија „Агенда 35", новинарски прилог беше посветен на економските изборни програми на двете најголеми партии, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, и колку изборите влијаат врз економската динамика.

### ***Бесплатно политичко претставување***

Повикот на Првиот програмски сервис на Македонската телевизија за бесплатно политичко претставување, го искористија тројца од седумте претендента за претседателската функција, и тоа: д-р Бујар Османи поддржан од ДУИ/Коалицијата Европски фронт, проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска поддржана од Левица и д-р Арбен Таравари поддржан од Коалицијата Влен/Вреди. Нивното триминутно бесплатно политичко претставување беше преведено на знаковен јазик за лицата со оштетен слух.

### ***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

МРТ 1 ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 и од членот 76-а став 4 од ИЗ, односно - на знаковен јазик за лицата со оштетен слух, ги адаптираше: изданијата на дневноинформативната емисија Дневник 1, која се емитува од 17:00 часот, потоа изданијата на дебатната емисија „Избори 2024", интервјуто со претседателот на ДИК, емитувано во рамките на истата емисија, како и единственото, гореспоменато соочување меѓу претседателските кандидати.

## Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2)

### ***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 април до 22 април);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 8 часа 9 минути и 2 секунди;

**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Структурата на централниот ТВ-Дневник од 18:30 часот, преку кој МРТ2 - Вториот програмски сервис од ЈРС емитуван на албански јазик, известуваше за официјалната изборна претседателска кампања од 4 до 22 април 2024 година, прво требаше да се усогласи според одредбата од членот 76-а став 2 од ИЗ, која бара стриктна поделба на информативната целина на четири дела, процентуално распоредени вака:

- *30% прилози за дневните настани од државата и од светот;*
- *30% прилози за политичките партии од власта;*
- *30% прилози за политичките партии од опозиција;*
- *10% прилози за независните кандидати и за политичките партии вон Собранието*.

Споредбената табела произлезена од мониторингот, покажува дека МРТ2 се придржуваше до таквата законска одредба за постигнување рамномерен медиумски пристап кон потврдените учесници во сегашниот двоен изборен процес:

***Табела 5: Процентуална застапеност на темите во дневноинформативното издание МРТ 2***

| МРТ 2 - албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| Дневни настани од земјата и светот | 02:45:53 | 33.92 % |
| Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието | 00:31:01 | 6.34 % |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | 02:26:02 | 29.86 % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | 02:26:06 | 29.88 % |
| | **Вкупно = 08:09:02** | **100 %** |

Маргиналните статистички отстапки од горепосочената идеална законска замисла, и на овој изборен процес ја направија очебијна принудата што стои пред новинарските редакции на ЈРС – да мора да кратат од информативното време за важни, актуелни општествено-политички теми, настани и случувања, и тоа за сметка на медиумското претставување на учесниците во изборната трка, кое на крајот е повторно – нееднакво.

Методолошки расчленети по статистичката застапеност на т.н. - „субјекти“, тие четири дела од информативната целина на ТВ дневникот од 18:30 часот, ја даваат следнава табела:

***Табела 6: Застапеност на субјектите по теми МРТ 2***

| МРТ 2 - албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | |
| Бујар Османи | 01:03:03 | 43.18 % |
| Стево Пендаровски | 01:00:09 | 41.19 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:10:03 | 6.88 % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:12:47 | 8.75 % |
| **Вкупно за активности за кампањите на пол. партии на власт: 02:26:02** | | 100 % |

| | | |
|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | |
| Арбен Таравари | 00:31:08 | 21.31 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:06:22 | 4.36 % |
| Стевчо Јакимовски | 00:30:39 | 20.98 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:29:31 | 20.20 % |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:07:03 | 4.83 % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:29:40 | 20.31 % |
| Левица | 00:06:22 | 4.36 % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:05:21 | 3.66 % |
| **Вкупно за активности за кампањите на пол. партии во опозиција: 02:26:06** | | 100 % |
| Дневни настани од земјата и светот | | |
| ДИК | 00:15:57 | 9.62 % |
| Други субјекти | 00:20:32 | 12.31 % |
| Влада | 00:21:46 | 13.13 % |
| Вести од светот | 00:53:42 | 32.40 % |
| Граѓански сектор | 00:15:00 | 9.05 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:01:49 | 1.10 % |
| Граѓани | 00:05:41 | 3.43 % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:26 | 3.28 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:01 | 6.04 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:11 | 0.71 % |
| СДСМ | 00:01:11 | 0.71 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:43 | 1.04 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:00 | 6.03 % |
| Локална самоуправа | 00:01:54 | 1.15 % |
| Вкупно за дневни настани: 02:45:53 | | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | |
| Максим Димитриевски | 00:26:53 | 86.67 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:00:53 | 2.85 % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:01:44 | 5.59 % |
| Родина Македонија | 00:00:18 | 0.97 % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:00:20 | 1.07 % |
| Работничка партија | 00:00:53 | 2.85 % |
| **Вкупно за активности на пол. партии кои не се во Собранието: 00:31:01** | | 100 % |
| | | |
| **Вкупно анализирано време во вести = 08:09:02** | | |

Редовно, низ вести/во низа и низ извештаи, редакција на МРТ2 ги следеше организираните облици изборен настап (*митинзи/средби со гласачите*) на претседателските кандидати поддржани од политичките партии на власт, кандидати подржани од партиите во опозиција и кандидатот поддржан од партијата ЗНАМ – За наша Македонија, која не е застапена во Собранието. Од табелата

е забележливо дека речиси рамномерно време од - 1 час, им е отстапено на кандидатите д-р Бујар Османи, поддржан од ДУИ што ја предводи Коалицијата Европски фронт, и проф. д-р Стево Пендаровски, поддржан од владејачката СДСМ што ја предводи Коалицијата за Европска иднина, додека на сите претседателски кандидати поддржани од партиите во опозиција: д-р Арбен Таравари поддржан од опозициската Коалиција Влен/Вреди; Стевчо Јакимовски, лидерот на партијата ГРОМ и Коалицијата Храбро за Македонија; проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска поддржана од партијата Левица и проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, поддржана од опозициската ВМРО ДПМНЕ што ја предводи Коалицијата Твоја Македонија - им беше отстапена приближно иста информативна минутажа од 30 минути. На кандидатот Максим Димитриевски, лидерот на ЗНАМ, пак, како единствен застапен во информативниот дел за вонпарламентарните партии, му беа отстапени 26 минути.

И МРТ2 ја почитуваше забраната од член 76-а став 12, односно известувањето за редовните активности на претставници на органите на власта не беше во функција на нечија изборна кампања.

Меѓу најзастапените теми што беа поврзани со двата изборни процеса, но не конкретно за партиските или за персонализираните изборни активности, се издвојуваат: организациските обврски на ДИК и на МВР, како и причините за (не)потпишувањето на етичкиот Кодекс за фер и демократски избори од страна на претседателските кандидати и на подносителите на кандидатските листи за пратеници.

Третината од ТВ дневникот за други, актуелни социо-политички теми од државава и од светот, ги опфати: одбележувањето на светскиот „Ден на здравјето"; формирањето Национална алијанса за подобрување на здравствениот систем; пожарите под скопското Кале, Универзалната сала и на Шар Планина; здравствени статистики за состојбата со „големата кашлица" и пролетните алергии; протестите на самостојниот Синдикат за здравство, приватните специјализанти и на вработените во секторот - култура, како и потпишувањето на меморандумот за соработка меѓу шесте синдикални организации на државните универзитети; апсењето на 17 затворски полицајци; одбележувањето на меѓународниот Ден на децата на улица и годишните извештаи за Македонија направени од Фридом Хаус и од Светската Банка.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

МРТ2 во посебните емисии го почитуваше правилото за правичност, избалансираност и непристрасност организирајќи интервјуа со петмина од кандидатите (двајца не се одѕвале на поканата) и пренесувајќи ја дебатата со седуммината претенденти за претседател/ка на државата реализирана од МРТ1.

***Интервјуа***

На основна тема – „Претседателски Избори 2024 година", во рамките на емисијата „ЗООМ", преку листа прашања од тематски области што влегуваат во доменот на претседателската функција, под еднакви медиумски услови беа направени пет интервјуа со кандидатите за претседател. На 17 април, по завршетокот на последното предизборно интервју, водителот на емисијата јасно посочи дека своето медиумско претставување го откажале кандидатите – проф. д-р Гордана Силјановска - Давкова и Стевчо Јакимовски.

*Табела 7: Интервјуа на МРТ2*
(премиерно емитувани)

| МРТ 2 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **04.04.** | Исмет Рамадани, политички аналитичар<br><br>**<u>Белешка</u>**: планирана била дебата, но од објективни причини отсуствувал политичкиот аналитичар Имер Селмани; | - очекувањата од двата изборни процеса;<br>- прогноза за Претседателските избори;<br>- анализа на понудите на албанските кандидати за претседател;<br>- влијанието на Претседателските врз Парламентарните избори | **ЗООМ** |
| **09.04.** | д-р Бујар Османи, претседателски кандидат – ДУИ/Коалицијата *Европски фронт*; | - мотивите за кандидатурата;<br>- програмски приоритети;<br>- економски развој на државата и миграција на младите;<br>- националната и меѓународната безбедност;<br>- состојбата во судскиот и образовниот систем;<br>- (не)нужност за измени на Уставот;<br>- билатералните односи и политичкото влијание на Косово;<br>- (не)можна ревизија на – „Охридскиот“, „Преспанскиот“ и на договорот со Бугарија;<br>- ЕУ-интеграциите; | |
| **11.04.** | д-р Арбен Таравари, претседателски кандидат - Коалиција Влен/Вреди; | | |
| **15.04.** | проф. д-р Стево Пендаровски, претседателски кандидат - СДСМ/Коалиција за Европска иднина; | | |
| **16.04.** | проф. д-р Билјана Ванковска - Цветковска, кандидатка за претседател поддржана од Левица; | | |
| **17.04.** | Максим Димитриевски, претседателски кандидат - ЗНАМ. | | |

## *Дебати*

Во анализираниот период од 4 до 22 април, единствената дебата со седуммината кандидати за претседател/ка на државата е емитувана на 21 април, организирана и реализирана од МРТ1, а директно пренесена на МРТ2.

### ***<u>Бесплатно претставување</u>***

На јавниот повик за оваа можност за изборно медиумско претставување, на 12 април со триминутна себепрезентација се одзваа само д-р Бујар Османи, кандидатот поддржан од ДУИ/Коалиција Европски фронт и д-р Арбен Таравари, кандидатот поддржан од Коалицијата Влен/Вреди.

### ***<u>Информирање за лицата со сетилна попреченост</u>***

МРТ2 ги исполни обврските од член 75 ставови 1 и 4 од ИЗ – со титлување: на секојдневните посебни изданија на вестите за изборните активности, емитувани од 19 часот по централниот ТВ Дневник, и на репризирани изданија од политичката емисија ЗООМ поврзани со изборниот процес, меѓу кои и споменатата дебата со сите кандидати за претседател/ка на државата, преземена од МРТ1.

## Собраниски канал

***<u>Бесплатно политичко претставување</u>***

Според членот 76-а став 8 од ИЗ, програмскиот сервис наменет за активностите на Собранието има обврска за време на изборната кампања да обезбеди бесплатно политичко претставување (БПП) на кампањите на политичките партии - застапени во Собранието во времетраење од по три часа, и - еден час за БПП на кампањите за подносителите на листи што не се застапени во Собранието.

БПП на Собранискиот канал се емитуваше почнувајќи од 13 април, секој ден од 16:00 часот, но беше искористено – минимално, со емитување од 2 до 5 минути поединечни снимени промотивни спотови доставени од шестмина кандидата за претседател на државата: проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова, проф. д-р Билјана Ванковска – Цветковска, д-р Арбен Таравари, проф. д-р Стево Пендаровски, Максим Димитриевски и Стевчо Јакимовски. Своето право на БПП не го искористи д-р Бујар Османи.

# ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ПРИВАТНИ ТЕЛЕВИЗИИ

## ТВ АЛСАТ-М

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник на албански јазик* од 19:00 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 април до 22 април)
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 7 часа 51 минута и 21 секунда;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа, извештај и осврт.

***Начин на известување***

Од анализираниот примерок на дневноинформативните изданија на албански јазик кај ТВ АЛСАТ-М, во периодот од 4 до 22 април, од прилозите издвоени за кампањата за Претседателските избори, се собраа вкупно - 2 часа 37 минути и 31 секунда. Медиумот релативно избалансирано, пред сè преку новинарски извештаи, ги претставуваше активностите од кампањите на сите седуммина претседателски кандидата, почитувајќи го принципот на еднаквост и имајќи го предвид интензитетот на нивните поединечни изборни активности, со што вложи напори за сите кандидати да презентира снимки и поенти од директните обраќања до гласачите. ТВ Алсат-М ги почитуваше обврските за баланс од членот 75 став 1 и од членот 75-а став 1, алинеја а од ИЗ, како и правилото од членот 75-б од ИЗ – новинарските прилози за редовните активности на претставници на органите на власт да не бидат во функција на нечија изборна кампања.

Конкретно, за илустрација на горереченото, во анализираните изданија на ТВ Дневникот беа издвоени: 28 минути и 51 секунда за проф. д-р Стево Пендаровски; 27 минути и 33 секунди за проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова; 26 минути и 46 секунди за Стевчо Јакимовски; 16 минути и 58 секунди за д-р Бујар Османи; 27 минути и 41 секунда за проф. д-р Билјана Ванковска – Цветковска; 15 минути и 49 секунди за д-р Арбен Таравари, и 26 минути и 26 секунди за Максим Димитриевски.

Користејќи експертски мислења и ставови, Телевизијата примени и аналитички пристап при претставувањето на темите поврзани со изборната кампања. На пример, се правеше анализа за тоа дека дел од претседателските кандидати во кампањата ветуваат нешта што не се во надлежност на шефот на државата, односно мешаат надлежности на Законодавниот дом и на извршната власт.

Во овој календарски период се известуваше за протестите на вработените во различни сектори, за отселувањето на школуваниот медицински кадар од државата, за пожарот што ја зафати Универзалната сала, настан што придонесе за меѓупартиски обвинувања во кои најгласни беа опозициската ВМРО ДПМНЕ и владејачката СДСМ, но, од друга страна и меѓу двата албански политички блока – Европскиот фронт предводен од владејачката ДУИ и опозициската Коалиција обединета под слоганот Влен/Вреди, изразени како јавна конфронтација околу наводниот документ за измените на македонскиот Устав и за Законот за игри на среќа. Медиумот ги следеше и реакциите од косовските медиуми по изјавата на кандидатот д-р Бујар Османи за т.н. – „*План од 9 точки на ОБСЕ*“, а во вестите редовно се известуваше и за честите синдикални протести и штрајкови, како и за нивните реакции за политичко-партиските притисоци. Редакцијата и во овој изборен период им

даваше јавност на конкретни локални проблеми, на секојдневни потреби и на заборавени ветувања на претставници од власта. За споменатите меѓупартиски тензии, пак, придонесоа и полициското приведување на новинарот Фуркан Салиу, како и увидот во годинашниот извештај од Фридом Хаус за демократскиот напредок на т.н. „држави во транзиција“, во кој Македонија е на независна позиција.

***Табела 8: Застапеност на субјектите во вести по теми ТВ Алсат-М***

| ТВ Алсат-М | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Други прилози** | | |
| Други субјекти | 01:14:27 | 47.47 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:02 | 5.12 % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:40 | 3.61 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:00:57 | 0.61 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:03:58 | 2.53 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:20 | 0.85 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:06:15 | 3.98 % |
| Граѓански сектор | 00:13:48 | 8.80 % |
| Арбен Таравари | 00:02:42 | 1.72 % |
| Бујар Османи | 00:03:19 | 2.11 % |
| Локална самоуправа | 00:03:35 | 2.28 % |
| Граѓани | 00:11:45 | 7.49 % |
| Влада | 00:10:57 | 6.98 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:07 | 1.35 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:11 | 1.39 % |
| СДСМ | 00:00:47 | 0.50 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:24 | 2.17 % |
| Здравство | 00:01:18 | 0.83 % |
| Судство | 00:00:19 | 0.20 % |
| **Вкупно други прилози:** | **02:36:51** | **100 %** |
| **Интервјуа во вести** | | |
| Други субјекти | 00:39:17 | 25.02 % |
| Арбен Таравари | 00:15:13 | 9.69 % |
| Стевчо Јакимовски | 00:15:38 | 9.96 % |
| Граѓански сектор | 00:13:11 | 8.40 % |
| Максим Димитриевски | 00:15:19 | 9.76 % |
| Стево Пендаровски | 00:15:27 | 9.84 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:15:39 | 9.97 % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:15:27 | 9.84 % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:48 | 7.52 % |
| **Вкупно за интервјуа во вести:** | **02:36:59** | 100 % |

| Избори 2024 | | |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:06:14 | 3.96 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:11:54 | 7.55 % |
| Стево Пендаровски | 00:13:24 | 8.51 % |
| Максим Димитриевски | 00:11:07 | 7.06 % |
| Стевчо Јакимовски | 00:11:08 | 7.07 % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:12:14 | 7.77 % |
| Бујар Османи | 00:13:38 | 8.66 % |
| Арбен Таравари | 00:13:06 | 8.32 % |
| Граѓани | 00:03:49 | 2.42 % |
| Граѓански сектор | 00:01:53 | 1.20 % |
| Други субјекти | 00:04:58 | 3.15 % |
| Влада | 00:03:40 | 2.33 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:53 | 0.56 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:00:53 | 0.56 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:03:16 | 2.07 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:04:31 | 2.87 % |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:04:15 | 2.70 % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:04:09 | 2.63 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:02:45 | 1.75 % |
| Работничка партија | 00:01:03 | 0.67 % |
| Левица | 00:02:05 | 1.32 % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:02:17 | 1.45 % |
| ДИК | 00:03:15 | 2.06 % |
| СДСМ | 00:01:11 | 0.75 % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:04:57 | 3.14 % |
| Единствена Македонија | 00:05:35 | 3.54 % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:04:50 | 3.07 % |
| Твоја партија | 00:04:31 | 2.87 % |
| | **Вкупно за избори 2024: 02:37:31** | 100 % |

**Вкупно анализирано време во вести = 07:51:21**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*ТВ Алсат-М го почитуваше принципот за еднаквост, правичност и непристрасност реализирајќи интервјуа со шестмина кандидати, додека седмиот не се одѕвал на поканата.*

## *Интервјуа*

Интервјуата на изборна тематика ТВ Алсат-М со претседателските кандидати ги реализираше во склоп на Вестите на албански јазик. На поканата за ваков вид медиумско изборно претставување не се одзвал д-р Бујар Османи, кандидатот поддржан од ДУИ/Коалиција Европски фронт. Мониторингот евидентираше и едно интервју во актуелно-информативната емисија 200, со политиколошка анализа на ингеренциите на функцијата – претседател на државата.

***Табела 9: Интервјуа на ТВ Алсат – М***
*(премиерно емитувани)*

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **04.04** | Ризван Сулејмани, универзитетски професор; | - приоритетите на следниот претседател на државата;<br>- претседателската функција во прилог на билатералните односи со Албанија и со Косово;<br>- можноста претседателот на државата да се избира во Собранието;<br>- очекувања од изборната кампања; | **Интервјуа во Вестите на албански јазик** |
| **05.04** | проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска, кандидатка за претседател поддржана од Левица; | - визија и програма;<br>- владеење на правото/правна држава;<br>- улогата на македонските Албанци, како етничка заедница, и односите со Косово и со Албанија;<br>- можноста за уставни измени; | |
| **08.04** | Ќенан Алиу, политички аналитичар; | - „*Предлогот од 9 точки на ОБСЕ*“ – предмет за полемика меѓу албанските кандидати за претседател на државата;<br>- оценка за текот на претседателската кампања;<br>- влијанието на кандидатите врз заострената комуникација преку социјалните мрежи;<br>- (не)можност претседателот да се бира преку Собранието; | |
| **09.04** | проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, кандидатка за претседател поддржана од ВМРО ДПМНЕ/Коалиција Твоја Македонија; | - (не)можност за помилување на осудените за „27 април“;<br>- (не)можни промени на т.н. „преговарачка рамка“ за влез во ЕУ;<br>- (не)можност за уставни измени;<br>- подобрување на меѓуетничките односи во државата;<br>- постизборни коалицирања; | |
| **10.04** | Васко Наумовски, политички аналитичар; | - профил на идниот „шеф на државата“;<br>- (не)можност за ревизија на постојните меѓународни договори;<br>- „руското влијание“ во државата;<br>- позицијата на Македонија во однос на Европската унија;<br>- овластувања на претседателот на државата за сузбивање на криминалот и корупцијата;<br>- (не)можноста за промена на Уставот и избор на претседателот преку Собранието; | |
| **11.04** | проф. д-р Стево Пендаровски, кандидат за претседател поддржан од СДСМ/Коалиција за Европска иднина; | - јавната полемика со ВМРО ДПМНЕ;<br>- „руското влијание“ и позицијата во однос на Европската унија;<br>- овластувањата и јавното влијание на функцијата претседател на државата;<br>- условените измени на Уставот;<br>- цензусот и вториот изборен круг; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **12.04** | Стевчо Јакимовски, претседателски кандидат поддржан од ГРОМ/Коалиција Храбро за Македонија; | - ризиците и предизвиците на Македонија во евроинтегративниот процес;<br>- „руското влијание“ во македонската политика;<br>- потребата од измени на македонскиот Устав;<br>- проценка за исходот од изборниот процес;<br>- план за реформи во судскиот систем; | |
| **15.04** | Марко Трошановски, директор на Институтот за демократија - Социетас цивилис; | - оценка за претседателските кандидати;<br>- изборниот капацитет на двајцата кандидати Албанци;<br>- надлежностите на функцијата – претседател на државата;<br>- ЕУ-интеграциите; | |
| **16.04** | Максим Димитриевски, претседателски кандидат поддржан од ЗНАМ; | - можност за влез во вториот изборен круг;<br>- очекувања за изборни гласови од Албанците како по локалните избори во Општина Куманово;<br>- зошто ви пречи во Уставот наместо 20% да стои „албански јазик“;<br>- визија за надворешната политика и заканата за т.н. „руско влијание“ во Македонија; | |
| **17.04.** | Мухамед Алили, политички аналитичар; | - почетните изборни позиции на кандидатите за претседател на државата;<br>- вокабуларот во изборната кампања;<br>- регионални и глобални политички констелации и ингеренциите на претседателот на Македонија; | |
| **18.04.** | Арбен Таравари, претседателски кандидат поддржан од Коалицијата Влен/Вреди; | - претседателската функција и амнестијата на затворениците;<br>- „ветинг“ во судството и во јавното обвинителство;<br>- измените на Уставот<br>- идејата за избор на претседателот на државата преку Собранието;<br>- визијата за ЕУ и деблокада на интеграцискиот процес;<br>- миграцијата на младите од државата;<br>- улогата на косовското Самоопредлување во македонскиот изборен процес; | |
| **21.04.** | Илјаз Сабриу, политички аналитичар, дипломат и политичар. | - анализа на изборните програми на кандидатите за претседател на државата;<br>- улогата на претседателот на државата во надворешната политика. | **200** |

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Секојдневно, со знаковен јазик беа преведувани вестите од 22:30 часот, а еднаш неделно титлувано беше издание на актуелно-информативната емисија 200 – на тој начин ТВ Алсат-М ја исполни обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање за лицата со сетилна попреченост.

## ТВ АЛФА

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

### *Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 17:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 до 22 април);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 9 часа 20 минути и 31 секунда;
**Најчесто користени жанрови**: вест/во низа, извештај, интервју;

### *Начин на известување*

Во анализираниот ТВ Дневник од 17:30 часот, во однос на медиумското претставување на седуммината кандидата за претседател на државата, информативната редакција на ТВ Алфа известуваше правично, избалансирано и непристрасно, почитувајќи го принципот на еднаквост согласно со обврските од членот 75 став 1 и од членот 75-а став 1 алинеја а од ИЗ, земајќи го предвид и интензитетот и организацискиот капацитет на поединечните активности околу кампањата: без какви било новинарски/редакциски интервенции, поентите од изборната понуда на кандидатите за претседател на Републиката беа емитувани во одделна рубрика за дневната евиденција на патот на изборниот карван пред потенцијалните гласачи. Информативната редакција го почитуваше и правилото од членот 75-б од ИЗ, односно – известувањето за редовните активности на државните органи/институции/установи и вршители на должности со јавни овластувања, најчесто реализирано преку вести/во низа и извештаи со коментар/осврт – да не го стави во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден учесник во изборната кампања.

Почнувајќи од 11 април, редакцијата презентираше и ТВ-профили на претседателските кандидати, преку нагласка на важни аспекти од нивните професионални и политички портфолија прикажувајќи им го досегашното политичко искуство и присуството на македонската политичка сцена. ТВ Алфа посебно се осврна и на владејачкиот мандат на врхушката на ДУИ, потсетувајќи на злоупотребата на државната функција и на несовесното управување со државните ресурси, како и на отсуството официјални македонски државни инсигнии во кампањата на нејзината Коалиција наречена Европски фронт како и на Коалицијата Влен/Вреди и речиси исклучивата употреба на албанскиот јазик при промоцијата на двајцата претседателски кандидата – д-р Бујар Османи и д-р Арбен Таравари. Во низа прилози редакцијата инсистираше на недвојбен, јасен одговор од владејачката СДСМ и од претседателскиот кандидат проф. д-р Стево Пендаровски за шпекулациите околу контроверзната инволвираност на Асаф Еисин, израелскиот стручњак за политички маркетинг и за односи со јавноста, во планирањето на нивната изборна кампања. Споредбено, од таа континуирана јавна прозивка произлезе и дополнителна информативна минутажа за д-р Пендаровски во вестите, додека, пак, информативниот „вишок“ за опозициската кандидатка проф. д-р Силјановска-Давкова е направен од вестите во низа и од извештаите за нејзината иницијатива пред ДКСК – да се оспорат предизборно склучените договори на 130 слушатела во почетна обука на АСЈО.

Безмалку половина од новинарските прилози во анализираното издание на ТВ Дневникот од 17:30 часот, емитуван во периодот од 4 до 22 април, беа отстапени за актуелни, тековни општествено - политички случувања што нужно се испреплетуваат околу главната тематска нишка на изборниот амбиент. Опфатот на темите е широк, пристапот на новинарите е главно преку вести во низа и извештаи, а како најистакнати, покрај експертските прогнози за исходот од изборниот процес, опфатот

ги вклучува: критичкиот, споредбен осврт кон поразителните годишни оценски извештаи за состојбата на македонскиот економски и општествено-политички систем, направени од Светската банка, ММФ и од американската невладина организација Фридом хаус, придружени со стручен коментар од домашната Транспарентност Македонија; последиците од лошото и нетранспарентно управување со државната Клиника за токсикологија; честите штрајкови и протести, посебно на различни нивоа од секторот - здравство, но и на низа други синдикални организации; потрагата по објективните причини за пожарот што ја изгоре скопската Универзална сала, силум втурната во затворениот круг на секојдневните меѓупартиски обвинувања.

***Табела 10: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ Алфа***

| ТВ АЛФА | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Други прилози** | | |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:17:49 | 6.38 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:14:22 | 5.14 % |
| Судство | 00:14:06 | 5.05 % |
| Граѓански сектор | 00:22:40 | 8.11 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:02:19 | 0.83 % |
| Здравство | 00:21:17 | 7.62 % |
| Јавно обвинителство | 00:14:36 | 5.23 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:46 | 8.15 % |
| Влада | 00:18:30 | 6.62 % |
| Граѓани | 00:15:36 | 5.58 % |
| Други субјекти | 01:17:38 | 27.79 % |
| Локална самоуправа | 00:10:00 | 3.58 % |
| СДСМ | 00:08:50 | 3.16 % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:51 | 4.24 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:39 | 0.95 % |
| Претседател | 00:00:43 | 0.26 % |
| Култура (институции и организации) | 00:00:57 | 0.34 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:45 | 0.98 % |
| **Вкупно други прилози:** | **04:39:24** | **100 %** |
| **Избори 2024** | | |
| ДИК | 00:10:33 | 3.75 % |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:05:28 | 1.94 % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:03:47 | 1.35 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:03:10 | 1.13 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:06:57 | 2.47 % |
| Работничка партија | 00:00:54 | 0.19 % |
| Левица | 00:01:45 | 0.62 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:05:33 | 1.97 % |

| | | |
|---|---|---|
| Нова Алтернатива Скопје | 00:02:22 | 0.84 % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:02:40 | 0.95 % |
| Други субјекти | 01:25:13 | 30.31 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:18:31 | 6.59 % |
| Стево Пендаровски | 00:17:55 | 6.37 % |
| Стевчо Јакимовски | 00:12:19 | 4.38 % |
| Бујар Османи | 00:11:53 | 4.23 % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:12:01 | 4.27 % |
| Арбен Таравари | 00:12:34 | 4.47 % |
| Максим Димитриевски | 00:13:13 | 4.70 % |
| Влада | 00:00:44 | 0.26 % |
| Експерти/аналитичари | 00:25:48 | 9.18 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:14 | 1.86 % |
| СДСМ | 00:04:52 | 1.73 % |
| Граѓани | 00:05:09 | 1.83 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:23 | 1.91 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:05 | 0.74 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:47 | 0.99 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:02:17 | 0.81 % |
| | **Вкупно за избори 2024: 04:41:07** | 100 % |

**Вкупно анализирано време во вести = 09:20:31**

***Посебни информативни емисии***

ТВ Алфа не направи ни интервјуа ни дебати со кој било од седуммината кандидата од изборниот процес за претседател на државата.

***Интервјуа***

Во табелата подолу се дадени премиерно емитуваните интервјуа што за примарна тема ги имаат двата тековни изборни процеса. Во поширока смисла - *изборите* – како демократска можност за вредносна промена на општественото живеење, беа тема отворена и низ разговорите со експерти по економија, социолози, психолози, историчари, едукатори, претставници на синдикати, стручњаци за маркетинг, за религија и меѓурелигиски односи, за безбедност и професори по меѓународни односи. Меѓу така насочените интервјуа, посебно треба да се издвојат: интервјуто со Коце Трајановски, поранешниот градоначалник на Скопје, и интервјуто со Елена Петрова, дополнителната заменичка министерка за финансии, во преодната Влада предложена од ВМРО ДПМНЕ – првото, бидејќи претставуваше лична/интимна рекапитулација на професионалните и на политичките предизвици пред планираното и (не)оствареното во својот градоначалнички мандат, второто, бидејќи во прв план претставуваше објективен увид во состојбата/капацитетите на државниот буџет, а потоа и стручен економски осврт кон извештаите на ММФ и на Светската Банка, споредба со економските состојби на државите од „Западниот Балкан“ и причините за нереализација на капитални инвестиции.

***Табела 11: Интервјуа на изборни теми на ТВ Алфа***
(премиерно емитувани)

| | ТВ АЛФА | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **04.04.** | Љубомир Ѓурчевски, поранешен началник на МВР; | - ќе биде ли непречено спроведен изборниот процес;<br>- престрелката во О. Арачиново/вмешаноста на ДУИ;<br>- улогата на МВР во организирањето на изборниот процес; | **За или против** |
| **05.04.** | Александар Ристевски, политички аналитичар; | - оценка за начинот на кој се води изборната кампања;<br>- исклучиво албански јазик во кампањата на кандидати за претседател на државата од Влен/Вреди и од ДУИ;<br>- мешање на двата изборни процеса;<br>- анализа на изборните слогани; | **За или против** |
| **08.04.** | Сотир Костов, политички аналитичар; | - анализа на изборните слогани и настапите на кандидатите за претседател;<br>- општ осврт кон политичко-економската состојба во државата;<br>- (не)реалноста на изборните ветувања; | **За или против** |
| **08.04.** | д-р Тимчо Муцунски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ; | - правнички коментар за апсењето на новинарот Салиу;<br>- партиска злоупотреба на случајот/„црна кампања“ за изборите;<br>- справување со дезинформациите/регулација на онлајн просторот;<br>- осврт кон текот на кампањата;<br>- предизвиците за формирање Влада; | **Заспиј ако можеш** |
| **09.04.** | Ивица Боцевски, политички аналитичар; | - ограничување на правото за патување/афера со сокриен документ од ЕК;<br>- реорганизација на ЕУ-интеграциите на Македонија;<br>- текот на кампањата - недостиг соочување поенти од изборните програми;<br>- (не)почитување на меѓународното право; | **За или против** |
| **09.04.** | Бранко Геровски, новинар; | - формирање т.н. „Влада на национален спас“;<br>- можности за постизборно коалицирање;<br>- опасности од (меѓуетнички) тензии/немирен трансфер на власта;<br>- уставните измени како условување за новата извршна власт;<br>- ревизија на „Охридскиот договор“/„Францускиот предлог“;<br>- потенцијалите на албанскиот политички блок;<br>- историските и сегашните односи со Бугарија;<br>- преамбулата на Уставот како гаранција на националниот идентитет;<br>- веродостојноста на анкетите на јавното мислење; | **Заспиј ако можеш** |
| **10.04.** | проф. д-р Александар Даштевски, претседател на ДИК; | - анализа на организациските зафати околу изборниот процес; | **За или против** |
| **10.04.** | Стерјо Попули, потпретседател на Партијата на Власите; | - контроверзите за вклученоста на консултантот за односи со јавност Асаф Еисин во претседателската кампања на проф. Д-р Пендаровски;<br>- Власите во македонската политика;<br>- Коалицијата со ВМРО ДПМНЕ;<br>- осврт кон последниот попис во Македонија;<br>- застапеност на Власите во институциите на власта; | **Заспиј ако можеш** |
| **11.04.** | проф. Д-р Владимир Божиновски, директор на ИПИС; | - веродостојноста на анкетите на јавното мислење;<br>- коментар за обвинувањата кон ИПИС за „наместени“ истражувања;<br>- „црната кампања“ во изборниот процес; | **Заспиј ако можеш** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - потенцијалот на изборните коалиции;<br>- прогноза на изборниот исход по изборни единици; | |
| **12.04.** | Синиша Пекевски, политички аналитичар; | - оценка за изборната кампања;<br>- одбивањата/условувањата за дебата на претседателските кандидати;<br>- осврт кон негативните извештаи на Фридом хаус и на Светската банка – за политичкиот систем и за состојбата на економијата; | **За или против** |
| **13.04.** | Панче Тошковски, заменик- министер за внатрешни работи во преодната Влада од ВМРО ДПМНЕ; | - оценка за работата на т.н. „техничка“ Влада;<br>- улогата на МВР во организацијата на изборниот процес;<br>- работното професионално искуството како приоритети на новата Влада;<br>- осврт кон (не)администрирањето на постапките за промена на документите за лична идентификација;<br>- кривично-правен осврт кон апсењето на новинарот Фуркан Салиу; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **15.04.** | Ѓорги Илиевски, виш образовен инспектор; | - осврт на тема: кампања/анти кампања;<br>- прогноза за исходот од изборите;<br>- осврт кон лошата образовна политика; | **За или против** |
| **16.04.** | Стефан Андоновски, заменски министер за МИОА, од ВМРО ДПМНЕ во преодната Влада; | - коментар за личните напади од кампањата на д-р Пендаровски (СДСМ) кон д-р Силјановска (ВМРО ДПМНЕ);<br>- потреба од реорганизација на администрацијата;<br>- дигитализација на јавните услуги;<br>- незаконски „партиски“ вработувања во јавната служба;<br>- укинување на т.н. „балансер“; | **За или против** |
| **16.04.** | Сашо Клековски, ИК на ВМРО ДПМНЕ;<br><br>**<u>Белешка</u>**: била планирана дебатна емисија, но не дошле, а биле поканети: Даниела Колева, членка на ИО на СДСМ и Дарко Каевски, член на ИО на СДСМ; | - политичкото/партиското условување на медиумските предизборни дебати;<br>- коментар за различни аспекти од претседателската кампања;<br>- опасности од т.н. „црна кампања“/меѓусебните лични навреди;<br>- осврт кон промо-спотот на Заев за поддршка на д-р Пендаровски;<br>- двосмисленоста на постојната политичка позиција на д-р Бујар Османи – МНР/кандидат за претседател поддржан од ДУИ/Коалиција Европски фронт; | **Заспиј ако можеш** |
| **18.04.** | проф. д-р Илија Ацески, социолог; | - социолошко гледиште за аспекти на изборната кампања;<br>- начини за мотивација на апатичните гласачи;<br>- реалноста на изборната кампања;<br>- штетите од партизацијата на македонското општество;<br>- злоупотреба на личните навреди во претседателската кампања;<br>- причините за иселувањето на младите; | **За или против** |
| **18.04.** | Зоран Димитровски, генерален секретар на Демократски сојуз; | - финална фаза од изборната кампања;<br>- причините за „црната кампања“ од митинзите на д-р Стево Пендаровски;<br>- тактиката за „изедначување“/неутрализација на политичкиот избор;<br>- партиските влијанија врз состојбите во судството;<br>- судир на интереси во АСЈО и во ДКСК;<br>- неказнивоста на политичкото противзаконско однесување на функционери од ДУИ;<br>- изборниот потенцијал на коалициите;<br>- коментар за изборен настап на д-р Пендаровски (инсерт од настап на митинг); | **Заспиј ако можеш** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **19.04.** | Дарко Јаневски, новинар; | - почеток на кампањата за Парламентарните избори;<br>- поклопувањата со кампањата за Претседателските избори;<br>- анкетите на јавното мислење;<br>- (не)реалноста на предизборните ветувања;<br>- предизборните спотови;<br>- клучните пораки за неопределените гласачи; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **22.04** | Драган Павловиќ – Латас, новинар; | - одѕивот на гласачите за Претседателските избори;<br>- осврт кон изборната кампања;<br>- владеењето на Коалицијата ДУИ и СДСМ;<br>- капацитетите на претседателските кандидати;<br>- ревизија на владејачкиот мандат на ДУИ;<br>- проценка на ривалитетите по изборни единици; | **За или против** |
| **22.04.** | проф. д-р Петар Атанасов, политички аналитичар, поранешен заменик-министер за образование од СДСМ; | - меѓуетничките односи/тензии како тема во изборната кампања;<br>- недостаток на државни инсигнии на митинзите;<br>- осврт кон владеењето на ДУИ и СДСМ;<br>- програмската понуда во изборните процеси;<br>- (етничките) барањата/условувањата на ДУИ за новата, постизборна влада;<br>- аномично/нестабилно општество;<br>- проценка на изборниот исход. | **Заспиј ако можеш** |

## ***Дебати***

Почетоците на изборните кампањи и делумното совпаѓање на двата изборни процеса, слоганите за изборно претставување, осврт кон анкетите на јавното мислење, можните постизборни коалицирања, очекувањата на гласачите, ревизија на постојните билатерални односи со Бугарија во контекст на ЕУ-интеграциите, (не)веродостојноста на политичките митинзи, општ коментар за социјалната и за економската ситуација во државата – тоа беа главните теми за двете изборни дебати реализирани во емисијата „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“.

***Табела 12: Дебати на изборни теми на ТВ Алфа***
<u>(премиерно емитувани)</u>

| **ТВ АЛФА** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **05.04** | <u>Политички аналитичари</u>:<br>1. Љупчо Зиков;<br>2. Сотир Костов; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **12.04.** | <u>Политички аналитичари</u>:<br>1. Сашо Тасевски;<br>2. Александар Ристевски; | |

## ***<u>Информирање за лицата со сетилна попреченост</u>***

Секојдневно вестите од 20:15 часот беа преведувани на знаковен јазик, а титлуван беше неделниот пресек од најважните општествено-политички настани и случувања насловен „Седмица“ – на тој начин ТВ Алфа ја исполни обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање на лицата со сетилна попреченост.

# ТВ Канал 5

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Вести во 18 часот*;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 април до 22 април);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 7 часа 16 минути и 3 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Голем дел од вкупното времетраење на централните Вести од 18 часот, ТВ Канал 5 издвои за известување за Претседателските избори, а тоа го изведе новинарски правично, избалансирано и непристрасно, почитувајќи го принципот на еднаквост при медиумското претставување на кандидатите за претседател на државата, што е обврска од членот 75 став 1 и од членот 75-а став 1, алинеја а од ИЗ. За изборните кампањи и за секојдневните активности на седумте кандидата за претседател најчесто се известуваше во посебна целина, насловена - „Изборна хроника 2024“, која се емитуваше непосредно по завршувањето на другите рубрики од Вестите, и во која со безмалку идентично времетраење беа издвојувани поенти од различни видови организиран изборен настап (*митинзи/изјави за медиуми/средби со граѓани*).

Малите предности во информативна минутажа за кандидатите проф. д-р Стево Пендаровски и проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, се должат главно на – одговорите на Пендаровски за обвинувањата од опозициската ВМРО ДПМНЕ за проблематични аспекти од неговата кампања; иницијативата на Силјановска-Давкова преку ДКСК да се обжалат предизборните вработувања во АСЈО. Одредена минутажа, во оваа смисла, се вклучува и по коментарите за предлогот на д-р Бујар Османи - Македонија да биде коспонзор на предлог-резолуцијата на ОН за геноцидот во Сребреница, паралелно проследена и со реакции од различни нивоа на постојната структура на извршна власт, како и по предизборно отворената тема за т.н. „џентлменски договор“ меѓу партиите од албанскиот кампус за одредени услови за престројување на постојниот политички систем. Најчесто преку вест во низа се информираше и за следниве теми поврзани со изборите: активностите и подготовките на ДИК за претстојните избори; вонредното фотографирање на полнолетните за да им се овозможи правото на глас; експертските мислења и оценки за текот на изборната кампања. Застапеноста на партиите СДСМ и ВМРО ДПМНЕ во темата „Избори 2024“, главно се должи на партиската поддршка за двајцата споменати претседателски кандидата.

ТВ Канал 5 во рамките на централното издание на вестите, емитуваше и свој, авторски серијал ТВ-профили на шестмина од седумте претседателски кандидата. Во прилог на почитување на принципот на еднаков медиумски третман, Телевизијата ја извести АВМУ дека на повеќекратните покани не се одѕвал д-р Бујар Османи, претседателскиот кандидат поддржан од ДУИ/Коалиција Европски фронт.

Од најчесто обработуваните теми што не беа директно поврзани со изборниот процес, може да се издвојат: меѓупартиските обвинувања - СДСМ/ВМРО ДПМНЕ - за различни настани и теми, на пример – за пожарот на Универзалната сала; за приведувањето на новинарот Фуркан Салиу; потоа (политизацијата на) синдикалните протести; судските рочишта (*случаите со грабнувањето на*

*Самоил Костадиновски и „Рекет“*); обвиненијата против Максим Димитриевски како градоначалник на Општина Куманово; активностите на ЦУК, и други актуелни теми. Во статистички најзастапената категорија – „други субјекти“, бележени се: регулаторни комисии/агенции; работата на ДКСК и на Народниот правобранител; различни компании/стопанственици; научно-истражувачки центри.

***Табела 13: Застапеност на субјектите во вести по теми*** на ***ТВ Канал 5***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Други прилози | | | |
| Влада | 00:41:01 | 17.92 | % |
| Други субјекти | 00:53:58 | 23.57 | % |
| Граѓански сектор | 00:18:19 | 8.00 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:32 | 5.04 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:01 | 4.38 | % |
| Јавно обвинителство | 00:10:47 | 4.71 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:36:40 | 16.02 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:02:27 | 1.07 | % |
| Граѓани | 00:07:26 | 3.25 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:06:55 | 3.02 | % |
| Локална самоуправа | 00:08:13 | 3.59 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:22 | 3.65 | % |
| СДСМ | 00:03:56 | 1.72 | % |
| Судство | 00:03:24 | 1.49 | % |
| Здравство | 00:02:40 | 1.16 | % |
| Левица | 00:00:55 | 0.40 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:41 | 0.74 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:00:40 | 0.29 | % |
| Вкупно други прилози: | 03:48:57 | 100 | % |
| Избори 2024 | | | |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:08:27 | 4.08 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:05:17 | 2.55 | % |
| Стево Пендаровски | 00:20:14 | 9.77 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:18:41 | 9.02 | % |
| Стевчо Јакимовски | 00:14:50 | 7.16 | % |
| Бујар Османи | 00:11:07 | 5.37 | % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:11:48 | 5.70 | % |
| Арбен Таравари | 00:15:59 | 7.72 | % |
| Максим Димитриевски | 00:14:22 | 6.94 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:13:50 | 6.68 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција за Европска иднина | 00:06:54 | 3.33 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:03:54 | 1.88 | % |
| Левица | 00:00:38 | 0.31 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:00:38 | 0.31 | % |
| ДИК | 00:03:05 | 1.49 | % |
| Други субјекти | 00:14:14 | 6.87 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:00:59 | 0.47 | % |
| Родина Македонија | 00:00:25 | 0.20 | % |
| СДСМ | 00:13:13 | 6.38 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:51 | 8.62 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:36 | 0.29 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:00:36 | 0.29 | % |
| Граѓани | 00:02:26 | 1.17 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:34 | 1.24 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:03:50 | 1.85 | % |
| Влада | 00:00:38 | 0.31 | % |
| **Вкупно за избори 2024:** | **03:27:06** | **100** | % |

Вкупно анализирано време во вести = 07:16:03

***Посебни информативни емисии***

При реализирањето на посебните информативни емисии, ТВ Канал 5 водеше сметка за обврските од член 75-а став 1, со тоа што дел од серијата интервјуа со претседателските кандидат(к)и беа организирани пред официјалниот почеток на изборната кампања.

***Интервјуа***

Првите четири интервјуа со кандидатите за претседател на државата беа направени уште во периодот од предизборието – од 7 март до 4 април. Циклусот од 7 интервјуа се затвори до крајот на официјалната изборна кампања – 22 април. Сите интервјуа се реализирани во емисијата „Само интервју“.

***Табела 14: Интервјуа на Канал 5***
(премиерно емитувани)

| Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **11.04.** | д-р Арбен Таравари – кандидат за претседател поддржан од Коалицијата Влен/Вреди; | - за партијата Алијанса за Албанците;<br>- инцидент со запален изборен-билборд;<br>- идејата/мотивот за претседателска кандидатура;<br>- аргументи за неприфаќање на иницијативата – „Отворен Балкан“;<br>- постизборни коалицирања; | **Само Интервју** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - ЕУ-интеграциите и преговарачката рамка;<br>- идејата за избор на претседател на државата во Собрание; | |
| **22.04.** | проф. д-р Стево Пендаровски - кандидат за претседател поддржан од СДСМ/Коалиција за Европска иднина; | - одлука/мотив за повторна кандидатура;<br>- оценка за текот на Претседателските избори;<br>- условувањата за уставните измени;<br>- случајот „27 април";<br>- ЕУ-интеграциите и преговарачката рамка;<br>- македонско-бугарските односи; | **Само Интервју** |
| **22.04.** | проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова – кандидатка за претседател поддржана од ВМРО ДПМНЕ/Коалиција Твоја Македонија; | - причини/мотив за повторна кандидатура;<br>- претседателски избори;<br>- условувања за уставни измени;<br>- евроинтеграциите и позицијата на Македонија;<br>- ревизија на „Преспанскиот договор";<br>- случајот „27 април". | **Само Интервју** |

## ***Дебати***

Во емисијата „Само Вистина" беа емитувани вкупно 11 дебати во кои главна тема беа – двата изборни процеса, со подтеми: - впечатоци и анализа на ТВ „*Дуелот за Македонија*" меѓу проф. д-р Христијан Мицкоски (ВМРО ДПМНЕ) и Димитар Ковачевски (СДСМ); пожарот што ја уништи скопската Универзална сала; политичка/партиска призма за полициското приведување на новинарот Фуркан Салиу, по инцидент на фудбалски натпревар; изборните провокации од т.н. „џентлменски договор" меѓу партиите од албанскиот политички блок; (не)нужноста од промена на македонскиот Устав; евроинтеграциите; предлогот на д-р Бујар Османи, како министер за надворешни работи, за коспонзорство на предлог-резолуцијата на ОН за геноцидот во Сребреница.

***Табела 15: Дебатни емисии на ТВ Канал 5***
(премиерно емитувани)

| **ТВ Канал 5** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **04.04.** | 1. Љубиша Николовски, новинар<br>2. Горан Момировски, новинар<br>3. Алберт Муслиу, политички аналитичар | **Само Вистина** |
| **05.04.** | 1. Љубомир Гајдов, надворешно политички коментатор<br>2. Александар Пандов, претседател на Патриотскиот институт „Гоце Делчев", на ВМРО ДПМНЕ; | |
| **08.04.** | 1. Драган Павловиќ Латас, новинар<br>2. Љупчо Зиков, новинар | |
| **09.04.** | 1. Жаклина Пешевска, пратеничка од ВМРО-ДПМНЕ<br>2. Дарко Каевски, пратеник од СДСМ | |
| **10.04** | 1. Павле Трајанов, претседател на Демократски сојуз<br>2. Љупчо Ристовски, претседател на партијата „Интегра"; | |
| **12.04** | 1. Благојче Атанасовски, политиколог<br>2. Љуљзим Фаризи, политиколог<br>3. Драган Милосавлевиќ, новинар | |
| **15.04** | 1. Мирјана Најчевска, универзитетски професор<br>2. Ивона Талевска, новинарка | |

| | | |
|---|---|---|
| **16.04** | 1.Сотир Костов, аналитичар<br>2. Александар Генчов, аналитичар<br>3. Зоран Иванов, аналитичар (кратко вклучување во живо); | |
| **17.04.** | 1. Ристо Никовски, поранешен амбасадор<br>2. Агим Јонуз, аналитичар<br>3. Александар Ристовски, колумнист и аналитичар | |
| **18.04.** | 1. Данела Арсовска, претседателка на Нова Алтернатива и носителка на листа во ИЕ1<br>2. Добрила Андоновска, носителка на листа во ИЕ1 од Коалиција Храбро за Македонија;<br><br>**Поканата за учеството во емисијата ја одбил Димитар Апасиев, претседател на Левица и носител на листа во ИЕ1**; | |
| **19.04.** | 1. Ѓулистана Марковска, поранешна пратеничка;<br>2. Страшо Ангеловски, претседател на МААК. | |

***Други програми***

Во рамките на утринската, забавно-информативна емисија „Здраво Македонијо“, во периодот од 5 до 18 април – говорејќи за својот приватен живот, но и за професионалните ангажмани, гостуваа и актуелни и поранешни политичари: Никола Мицевски, пратеник од ВМРО ДПМНЕ; Марко Михаилоски, Социјалдемократска младина на Македонија; Лилјана Поповска, поранешна пратеничка од ДОМ; Дамјан Манчевски, поранешен министер за информатичко општество и администрација; Благој Бочварски, министер за транспорт и врски; Јани Макрадули, поранешен пратеник од СДСМ, и Горан Стојановски, градоначалник на Општина Чашка.

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Со знаковен јазик, ТВ Канал 5 ги приспособи – централното издание на Вестите од 18 часот и посебната информативна емисија „Изборна хроника 2024“, и на тој начин ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

# ТВ СИТЕЛ

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 19 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 до 22 април);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 10 часа 49 минути и 40 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест/во низа, извештај, интервју;

### *Начин на известување*

Медиумот известуваше правично, избалансирано и непристрасно, со почитување на принципот на еднаквост на распределбата на времето меѓу претседателските кандидати, односно ги почитуваше обврските од членот 75, став 1 и од членот 75-а, став 1, алинеја а од ИЗ, имајќи го предвид и интензитетот на кампањата на секој од нив. Конкретно, активностите на кандидатите за претседател, односно – поенти од нивни настапи пред гласачите, беа графички и со најава на водител издвоени во посебна рубрика – „Избори 2024“ година. Во ТВ Дневникот немаше новинарски прилози што би биле толкувани како прилог кон активностите на власта во функција на изборна кампања, што инаку би било спротивно на членот 75-б од ИЗ.

По застапеноста - највидливи, актуелни општествено-политички теми во анализираното издание на ТВ Дневникот беа штрајковите и протестите на различни професионални групации, но најчесто од секторот – здравство, тема надополнета и со осврти за причините за одлив на школуван медицински кадар, како и со прилози за конфузното менаџирање со Клиниката за токсикологија. Редакцијата побара експертски толкувања и за годинашните извештаи од Светската банка, ММФ и од американската невладина организација Фридом Хаус за сеопштиот економско-политички застој во развојот на македонската демократија. Со вести во низа беше проследена и судската разрешница на спорот меѓу АСЈО и ДКСК која, по иницијатива на проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, ја оспори законитоста на договорите за вработување во тековен изборен процес. Оттаму, пак, придодадената ситна минутажа во статистиката за информативната присутност на д-р Силјановска-Давкова во однос на времето отстапено за прилози за другите кандидати. Од позначајните општествени теми што остро поларизираната партиска изборна агенда принудно ги асоцираше во изборен контекст, можат да се издвојат: полициското приведување на новинарот Фуркан Салиу, пожарот во кој изгоре скопската Универзална сала и т.н. „изборен барометар“ на анкетите за јавното мислење.

***Табела 16: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ Сител***

| ТВ Сител | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Други прилози** | | |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:05:16 | 2.62 % |
| Судство | 00:05:28 | 2.72 % |
| Влада | 00:26:19 | 13.09 % |
| Здравство | 00:03:20 | 1.66 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:31 | 8.71 % |
| Други субјекти | 01:00:25 | 30.06 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:13:46 | 6.85 % |
| Јавно обвинителство | 00:10:22 | 5.16 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:20:39 | 10.27 % |
| Граѓани | 00:08:01 | 3.99 % |
| Граѓански сектор | 00:11:01 | 5.48 % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:11 | 2.08 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:44 | 2.85 % |
| СДСМ | 00:04:35 | 2.28 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:01:18 | 0.65 % |

| | | |
|---|---|---|
| Претседател | 00:00:56 | 0.46 % |
| Македонски концепт | 00:00:41 | 0.34 % |
| Локална самоуправа | 00:01:27 | 0.72 % |
| | Вкупно други прилози: 03:21:00 | 100 % |
| **Интервјуа во вести** | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:23:44 | 8.98 % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:21:43 | 8.22 % |
| Експерти/аналитичари | 01:16:01 | 28.77 % |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:41:20 | 15.64 % |
| Други субјекти | 01:07:12 | 25.43 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:17:28 | 6.61 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:16:47 | 6.35 % |
| | **Вкупно интервјуа во вести: 04:24:15** | 100 % |
| **Избори 2024** | | |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:16:38 | 9.02 % |
| Стево Пендаровски | 00:17:00 | 9.22 % |
| Арбен Таравари | 00:10:21 | 5.61 % |
| Бујар Османи | 00:11:52 | 6.43 % |
| Максим Димитриевски | 00:10:36 | 5.75 % |
| Стевчо Јакимовски | 00:11:24 | 6.18 % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:11:47 | 6.39 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:36 | 0.87 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:42 | 3.09 % |
| СДСМ | 00:04:38 | 2.51 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:07:00 | 3.80 % |
| Други субјекти | 00:12:56 | 7.01 % |
| Претседател | 00:00:59 | 0.53 % |
| Граѓани | 00:06:55 | 3.75 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:00 | 2.71 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:45 | 1.49 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:07:18 | 3.96 % |
| ДИК | 00:06:21 | 3.44 % |
| Граѓански сектор | 00:03:10 | 1.72 % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:08:50 | 4.79 % |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:11:41 | 6.34 % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:00:24 | 0.22 % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:00:24 | 0.22 % |
| Твоја партија | 00:00:24 | 0.22 % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:01:27 | 0.79 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:02:09 | 1.17 % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:00:24 | 0.22 % |

| | | |
|---|---|---|
| Нова Алтернатива Скопје | 00:00:24 | 0.22 % |
| Партија Десна | 00:00:24 | 0.22 % |
| Влада | 00:00:33 | 0.30 % |
| Судство | 00:01:07 | 0.61 % |
| Левица | 00:02:16 | 1.23 % |
| | **Вкупно за избори 2024: 03:04:25** | 100 % |
| | | |
| | **Вкупно анализирано време во вести = 10:49:40** | |

***Посебни информативни емисии***

Во периодот на официјалната изборна кампања за претседател на државата - од 4 до 22 април, ТВ Сител не направи интервју со ниту еден од кандидатите, а изборите ги третираше низ интервјуа со политичари и експерти и дебати на пошироко поставени теми.

## Интервјуа

Табелата со евиденцијата на интервјуата реализирани во рубриката – „Тема на денот“, во склоп на анализираниот ТВ Дневник од 19 часот, ги прикажува исклучиво разговорите на изборни теми со релевантни чинители на пошироката македонска јавност или со претставници на некои од учесниците во изборната кампања за Парламентарните избори, која од 18 април се совпадна со претседателската кампања.

Во однос, пак, на актуелноста на горespоменатите, чести синдикално или граѓански организирани протести и штрајкови од различни општествени сектори, како и во однос на глобалната безбедност по судирот Иран - Израел, во „Тема на денот“ беа направени и неколку интервјуа на прашања што не се однесуваа на изборните процеси.

***Табела 17: Интервјуа на изборни теми на ТВ Сител***
(премиерно емитувани)

| | ТВ СИТЕЛ | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **05.04.** | проф. д-р Бобан Карапејовски, претставник на ЗНАМ; | - приказ на поентите од изборната програма – на претседателскиот кандидат Димитриевски и на партијата;<br>- мотивите за „професорска“ листа кандидати за Парламентарните избори;<br>- принципите за можното коалицирање; | **Тема на денот**<br><br>**-** *редовна рубрика во ТВ Дневникот* |
| **09.04.** | проф. д-р Борче Треновски, Економски факултет при УКИМ; | - реалноста на економските понуди во изборните програми на политичките партии;<br>- државниот буџет и (пре)распределбата по сектори – капитални инвестиции/плати/пензии;<br>- академската заедница како објективен критичар на политичките ветувања; | |
| **10.04.** | Бојан Кордалов, комуниколог; | - осврт врз досегашната изборна кампања;<br>- изборните слогани на претседателските кандидати;<br>- коментар за анкетите на јавното мислење; | |
| **11.04.** | Марјан Ѓорчев, екс-амбасадор во Р. Бугарија; | - осврт кон тековните избори во Бугарија;<br>- македонско-бугарските односи;<br>- притисоците за уставни измени; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - преговарачката рамка за ЕУ-интеграциите;<br>- историската комисија како опслужување политички интерес; | |
| **13.04.** | Артан Груби, ДУИ; | - пропаднатата Коалиција ДУИ / СДСМ;<br>- потенцијалот на Коалицијата Европски фронт наспроти опозициската Влен/Вреди;<br>- поддршката за д-р Бујар Османи за претседателски кандидат;<br>- руското влијание во македонската политика;<br>- изборната понуда на ДУИ; | |
| **16.04.** | Петер Бајер, пратеник од ЦДУ, „сестринска партија“ на ВМРО ДПМНЕ; | - очекувањата од изборните процеси;<br>- проширувањето на ЕУ и позицијата на Македонија;<br>- можноста за уставни измени и аргументацијата на ВМРО ДПМНЕ;<br>- информираноста на релевантните европски и американски институции за т.н. „уставни измени“ барани од Бугарија;<br>- „русофилството“ и „еврофилството“ во изборната кампања;<br>- неопходноста за реформи на македонскиот политички систем; | |
| **17.04.** | проф. д-р Ненад Марковиќ, политиколог; | - ефектите од претседателската и очекувањата од парламентарната кампања;<br>- широкиот идеолошки спектар на изборната понуда;<br>- повторливост на изборните понуди и на продукцијата на кампањите;<br>- уставните измени како основна изборна тема; | |
| **19.04.** | Владо Мисајловски, носител на листа на ВМРО ДПМНЕ за ИЕ 2; | - како ќе продолжи кампањата за два изборни процеса;<br>- поенти од изборната партиска програма;<br>- уставните измени и ЕУ-интеграциите;<br>- принципите за коалицирање; | |
| **20.04.** | Димитар Ковачевски, СДСМ; носител на листа во ИЕ1 | - оценки за текот на кампањата;<br>- изборниот потенцијал на д-р Пендаровски;<br>- барањата на некогашниот коалициски партнер ДУИ;<br>- поенти од партиската програма на СДСМ; | |
| **21.04.** | Штефан Левин, претседател на Партијата на европските социјалисти; | - предизборна поддршка за СДСМ;<br>- уставните измени како услов за ЕУ-интеграции;<br>- реализам во преговорите со Бугарија;<br>- руската инвазија во Украина и влијанието врз Скандинавија; | |
| **22.04.** | проф. д-р Христијан Мицкоски, лидер на ВМРО ДПМНЕ; | - оценка за претседателската изборна кампања;<br>- одговор на митингашките закани од Али Ахмети, лидерот на Европскиот фронт;<br>- комбинации за вториот круг на Претседателските избори;<br>- можни постизборни коалиции/„математики“ за формирање влада;<br>- поенти од програмата на ВМРО ДПМНЕ;<br>- повик за граѓанско обединување;<br>- ЕУ-интегративниот процес; | |

## Дебати

Говорот на омраза, „црната изборна кампања“, влијанието на нерегулираната јавна комуникација низ социјалните мрежи, зголемениот број напади врз новинари за време на изборни процеси и широко поставениот концепт на т.н. „штетни наративи“, како и оценката/проценката за изборниот резултат од тековните два изборни процеса – тоа беа методолошки релевантните дебатни теми за две изданија од актуелно-информативната емисија „Детектор“.

***Табела 18: Дебати на изборни теми на ТВ Сител***
(премиерно емитувани)

| ТВ СИТЕЛ | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **14.04.** | - Александа Теменугова - ИКС;<br>- Младен Чадикоски, ЗНМ;<br>- проф. д-р Симона Груевска Маџоска, лингвистка од Институтот за македонски јазик; | **Детектор** |
| **21.04.** | - Петар Арсовски, политички аналитичар:<br>- проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар. | |

### *Други информативни емисии*

На поканата од редакцијата на утринската забавно-информативна емисија - „Ја сакам Македонија“, на 8 и на 10 април, под рубрика со наслов „Утринско кафе“, се одѕвале само: проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска и Максим Димитриевски, тројца од седуммината кандидата за претседател на Републиката. Низ оваа получасовна ТВ-форма, ТВ Сител се обиде да ја прикаже личната, секојдневна страна на претендентите во изборниот процес, вон професионалните и вон политичките обврски.

### ***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Од понеделник до петок - вестите од 23 часот, потоа - вестите од 21 часот за време на викендот, и актуелно-информативната емисија „Детектор“ - беа титлувани, со што беше исполнета обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање за лицата со сетилна попреченост.

## ТВ ТЕЛМА

### ***Дневноинформативни емисии***

### *Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Вести* од 21:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 до 22 април);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 7 часа 19 минути и 29 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест/во низа, извештај;

### *Начин на известување*

ТВ Телма известуваше правично, избалансирано и непристрасно, почитувајќи го принципот на еднаквост при медиумското претставување на кандидатите за претседател на државата, запишан како обврска од членот 75 став 1 и од членот 75-а став 1 алинеја а од ИЗ. Поентите од изборното претставување пред потенцијалните гласачи беа издвоени во посебна рубрика „Избори 2024“ година - и графички и со најава на водител, а предвид беше земен и интензитетот на поединечните промотивни изборни активности – помали во почетните денови од кампањата на д-р Таравари и на д-р Османи, кои се совпаднаа со прославата на Рамазан Бајрам, поголем за кампањата на проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, поради иницијативата поднесена до ДКСК за тужба против работењето

на АСЈО во време на изборен процес, и на проф. д-р Стево Пендаровски, принуден јавно да демантира наводи за незаконитости во сопствената кампања за кои го обвинуваше опозициската ВМРО ДПМНЕ. Информативната редакција го почитуваше и условот од членот 75-б од ИЗ, односно не емитуваше новинарски прилози што во предизборен контекст би ги промовирале активностите на структурите од органите на власт.

Во анализираниот период од 4 до 22 април, со вести во низа и со извештаи, како посебно издвоени повторливи и значајни теми за општественото живеење беа проследени: пожарот во кој изгоре скопската Универзална сала; полициското приведување на новинарот Фуркан Салиу; континуираниот протест на приватните специјализанти по медицина, и - годишните извештаи за (не)напредувањето на македонската демократија, објавени од Светската банка, ММФ и од Фридом Хаус. Покрај новинарското известување, овие теми што беа повод и за меѓупартиски обвинувања, добија и поширок контекст од стручна економска и/или политиколошка и комуниколошка анализа. Со неизбежен предизборен контекст, преку вести во низа беше проследена и конечната судска разврска на споменатиот спор меѓу ДКСК и АСЈО.

***Табела 19: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ Телма***

| ТВ Телма | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Други прилози** | | |
| Судство | 00:13:47 | 6.09 % |
| Јавно обвинителство | 00:15:48 | 6.99 % |
| СДСМ | 00:03:05 | 1.36 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:22 | 1.05 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:27:06 | 11.98 % |
| Други субјекти | 01:19:55 | 35.34 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:06:10 | 2.73 % |
| Граѓански сектор | 00:22:32 | 9.96 % |
| Влада | 00:24:25 | 10.80 % |
| Граѓани | 00:05:37 | 2.48 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:04:32 | 2.00 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:00:51 | 0.38 % |
| Локална самоуправа | 00:03:36 | 1.59 % |
| Претседател | 00:02:48 | 1.24 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:37 | 2.04 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:05:04 | 2.24 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:54 | 1.72 % |
| **Вкупно други прилози:** | **03:46:09** | **100 %** |
| **Избори 2024** | | |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:26 | 0.20 % |
| Работничка партија | 00:00:26 | 0.20 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:07:54 | 3.70 % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:01:12 | 0.56 % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:00:26 | 0.20 % |

| | | |
|---|---|---|
| Политичка партија АВАЈА | 00:01:34 | 0.73 % |
| Партија Десна | 00:00:26 | 0.20 % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:00:26 | 0.20 % |
| Твоја партија | 00:00:26 | 0.20 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:27:32 | 12.91 % |
| Стево Пендаровски | 00:24:30 | 11.48 % |
| Биљана Ванковска-Цветковска | 00:23:07 | 10.84 % |
| Арбен Таравари | 00:18:48 | 8.81 % |
| Стевчо Јакимовски | 00:19:25 | 9.10 % |
| Максим Димитриевски | 00:18:08 | 8.50 % |
| Бујар Османи | 00:23:28 | 11.00 % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:06:33 | 3.07 % |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:05:37 | 2.63 % |
| Левица | 00:02:26 | 1.14 % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:03:10 | 1.48 % |
| ДИК | 00:04:38 | 2.17 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:04:16 | 2.00 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:36 | 1.69 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:04:34 | 2.14 % |
| Родина Македонија | 00:01:15 | 0.59 % |
| Влада | 00:00:37 | 0.29 % |
| Граѓански сектор | 00:02:27 | 1.15 % |
| Други субјекти | 00:03:33 | 1.66 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:02:24 | 1.13 % |
| | **Вкупно за избори 2024: 03:33:20** | 100 % |
| | **Вкупно анализирано време во вести = 07:19:29** | |

***Посебни информативни емисии***

ТВ Телма, во посебните информативни емисии, ги третираше Претседателските избори преку интервјуа со кандидатите (кои започнаа уште пред официјалниот почеток на кампањата на 4 април) и дебати со експерти, аналитичари и политичари. Притоа, ги почитуваше правилата од Изборниот законик.

***Интервјуа***

Во актуелно-информативната емисија „Топ тема“, во 19-те дена од изборната кампања, направени беа интервјуа со шестмина од кандидатите за претседател на државата. На 17 април, непосредно пред интервјуто со проф. д-р Стево Пендаровски, кандидатот поддржан од владејачката СДСМ/Коалиција за Европска иднина, водителката спомена дека од својот термин за медиумско претставување се откажала проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, кандидатката поддржана од

опозицискатa ВМРО ДПМНЕ со која телевизијата реализираше интервју пред официјалниот почеток на кампањата.

***Тема 20: Интервјуа на изборни теми на ТВ Телма***
(премиерно емитувани)

| | ТВ ТЕЛМА | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **08.04.** | проф. д-р Билјана Ванковска -Цветковска, кандидатка поддржана од Левица | - изборните адути пред конкуренцијата;<br>- таргетирано гласачко тело освен неопределените гласачи;<br>- поенти од изборната програма;<br>- „достоинството“ – како основа за изборниот слоган;<br>- потребата од нов - граѓански – устав;<br>- раскинувањето на Преспанскиот и на договорот со Бугарија; | **Топ тема** |
| **09.04.** | д-р Арбен Таравари, кандидат поддржан од Коалицијата Влен/Вреди | - изборните адути пред конкуренцијата;<br>- гаранции од ЕУ за условени уставни измени;<br>- реформи и рационализација на АРМ соодветни на стандардите од НАТО;<br>- пакет-закони за реформа на правосудниот систем и на обвинителството;<br>- нужни уставни измени за избор на претседател на државата во Собранието;<br>- замена на дефиницијата за - „друг јазик што го зборуваат најмалку 20 проценти“ - со „албански јазик“; | |
| **10.04.** | Стевчо Јакимовски, кандидат поддржан од ГРОМ/Коалиција Храбро за Македонија | - изборните адути пред конкуренцијата;<br>- „храброста” – како основа за изборниот слоган;<br>- причини за непотпишување на кодексот за фер и демократски избори;<br>- приоритети доколку биде избран за претседател;<br>- причини за невнесување на Бугарите во Уставот;<br>- странски инвестиции и дипломатија;<br>- поенти од изборната програма; | |
| **11.04.** | Максим Димитриевски, кандидат поддржан од ЗНАМ | - изборните адути пред конкуренцијата;<br>- приоритет на функцијата претседател на државата;<br>- нужност од измени на Уставот;<br>- условувањата од Бугарија и ЕУ-интеграциите;<br>- дипломатијата и меѓународната позиција на Македонија;<br>- поенти од изборната програма; | |
| **12.04.** | д-р Бујар Османи, кандидат за претседател поддржан од ДУИ/Коалиција Европски фронт | - изборните адути пред конкуренцијата;<br>- нужни измени на Уставот;<br>- замена на дефиницијата за - „друг јазик што го зборуваат најмалку 20 проценти“ - со „албански јазик“;<br>- предлогот за собраниски избор на претседател на државата;<br>- инвестиции и дипломатија;<br>- меѓународната политика на Македонија;<br>- поенти од изборната програма; | |
| **17.04.** | проф. д-р Стево Пендаровски, претседателски кандидат поддржан од СДСМ/Коалиција за Европска иднина | - изборните адути пред конкуренцијата;<br>- „ветинг“ на судии и јавни функционери;<br>- предлогот за собраниски избор на претседател на државата;<br>- можностите и начините за менување на Уставот и внесување на Бугарите во преамбулата; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - инвестиции и дипломатија;<br>- меѓународната позиција на Македонија;<br>- поенти од изборната програма. | |

## Дебати

Се дебатираше за: предностите и негативните последици од неможноста да се одделат изборните кампањи за двата тековни изборни процеса; семантиката на изборните слогани како (не)реален мотив за одзив на лојалните партиски симпатизери и на неопределените гласачи; професионалниот профил и потенцијалите на претседателските кандидати; можните изборни комбинации за вториот изборен круг и условувањата од партиите на Албанците; (не)реалноста на изборните ветувања во програмите на учесниците во двата изборни процеса; злонамерноста и повратните ефекти од т.н. „црна изборна кампања“; политичката (не)култура во комуникацијата со политичкиот опонент, со медиумите и со јавноста воопшто; ограничувањата од ИЗ за т.н. „изборно медиумско претставување“ како хендикеп за помалите политички партии и релативизација на условите за почитување на изборниот молк.

***Табела 21: Дебати на изборни теми***
(премиерно емитувани)

| **ТВ ТЕЛМА** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **04.04.** | Александар Кржаловски – директор на МЦМС<br>проф. д-р Владимир Божиновски – директор на ИПИС | **Топ тема** |
| **05.04.** | Јован Деспотовски – претставник на СДСМ<br>Влатко Ѓорчев – претставник на ВМРО ДПМНЕ<br>Албер Муслиу – политички аналитичар | |
| **16.04.** | _Комуниколози:_<br>Сеат Џигал – комуниколог<br>Бојан Кордалов - комуниколог | |
| **18.04.** | _Политички аналитичари:_<br>проф. д-р Васко Наумовски – универзитетски професор<br>проф. д-р Ненад Марковиќ - универзитетски професор | **Вин Вин** |
| **19.04.** | _Политички аналитичари:_<br>Иво Рангеловиќ<br>Ивица Боцевски<br>проф. д-р Сефер Тахири | **Топ тема** |
| **22.04.** | _Политички аналитичари:_<br>Александар Кржаловски - директор на МЦМС;<br>Андреа Стојковски - директор на „Преспа институт“;<br>Имер Селмани поранешен претседателски кандидат. | |

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Секојдневно вестите од 18:30 часот беа преведувани на знаковен јазик, а титлуван беше петочниот преглед на кампањата врамен во кусата информативна емисија „Избори 2024“ – на тој начин ТВ Телма ја исполни обврската од членот 75, ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање за лицата со сетилна попреченост.

# САТЕЛИТСКА ПРИВАТНА ТЕЛЕВИЗИЈА

## ТВ 24 Вести

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 20 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 до 22 април);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 25 минути и 35 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: извештај, вест;

***Начин на известување***

ТВ 24 Вести известуваше правично, избалансирано и непристрасно, со доследно почитување на принципот на еднаквост на распределбата на времето меѓу претседателските кандидати, односно ги почитуваше обврските од членот 75 став 1 и од членот 75-а став 1 алинеја а од ИЗ, имајќи го предвид и интензитетот на кампањата на секој од нив. Активностите на сите седуммина кандидата за претседател на државата беа прикажани издвоени во посебна рубрика насловена - „Претседателски избори 2024“, најавена од водител и со посебно дизајнирана графичка обработка, јасно изделени од новинарските информации за активностите на носителите на партиските листи за тековните парламентарни избори. Во анализираното издание на Дневникот немаше содржини што би биле толкувани како прилог кон активностите на власта во функција на изборна кампања, што е, пак, спротивно на членот 75-б од ИЗ.

Настрана од известувањето за предизборните активности на партиите и на кандидатите, редакцијата на ТВ 24 Вести во периодот 4 до 22 април посвети најмногу време и внимание на следниве актуелни општествено-политички теми: протестите и штрајковите во македонското здравство, барањата и потребите на младите лекари и специјализанти, како и „егзодусот“ на квалификувани медицински работници; годишните оценски извештаи на Фридом Хаус и на Светската банка за стагнацијата на економските и на демократските процеси во државава; (не)можноста за промена на рамката за преговори за членство на Македонија во Европската унија; претставката на проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова до ДКСК околу предизборното работење на АСЈО и последователната судска разврска; полициското приведување на новинарот Фуркан Салиу; - пожарот во кој изгоре скопската Универзална сала и спорот меѓу Министерството за култура и Градот Скопје; предлогот на д-р Бујар Османи за коспонзорството на предлог-резолуцијата на ОН за геноцидот во Сребреница; позицијата на Македонија во однос на приемот на Косово во Советот на Европа; реакциите по интервјуто на митрополитот Кирил од Вселенската патријаршија поврзано со статусот на МПЦ-ОА; последиците врз македонската економија од банкротот на белгиската компанија „Ван Хол“; состојбите во Пошта на Северна Македонија, протестот на вработените во Национални шуми, како и за други актуелни општествени теми.

***Табела 22: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ 24 Вести***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Други субјекти | 00:54:41 | 28.83 | % |
| Јавно обвинителство | 00:08:52 | 4.67 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:13:33 | 7.14 | % |
| Здравство | 00:19:12 | 10.12 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:06:02 | 3.18 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:50 | 0.97 | % |
| Влада | 00:23:21 | 12.31 | % |
| СДСМ | 00:03:07 | 1.64 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:03:58 | 2.09 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:25 | 1.80 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:58 | 9.47 | % |
| Граѓани | 00:08:31 | 4.49 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:54 | 1.53 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:30 | 6.06 | % |
| Судство | 00:07:01 | 3.70 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:01:57 | 1.03 | % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:00:55 | 0.48 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:55 | 0.48 | % |
| **Вкупно други прилози: 03:09:42** | | **100** | **%** |
| **Интервјуа во вести** | | | |
| Граѓани | 00:03:31 | 100.00 | % |
| **Вкупно интервјуа во вести: 00:03:31** | | **100** | **%** |
| **Избори 2024** | | | |
| ДИК | 00:08:34 | 4.45 | % |
| Други субјекти | 00:14:41 | 7.63 | % |
| Бујар Османи | 00:14:00 | 7.28 | % |
| Максим Димитриевски | 00:18:13 | 9.47 | % |
| Стевчо Јакимовски | 00:13:51 | 7.20 | % |
| Арбен Таравари | 00:14:00 | 7.28 | % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:14:16 | 7.42 | % |
| Стево Пендаровски | 00:18:34 | 9.65 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:19:05 | 9.92 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:57 | 1.01 | % |
| СДСМ | 00:01:46 | 0.92 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:02:44 | 1.42 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:05:20 | 2.77 | % |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:06:06 | 3.17 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:01:07 | 0.58 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:03:30 | 1.82 | % |
| Левица | 00:02:32 | 1.32 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:03:53 | 2.02 | % |
| Судство | 00:01:53 | 0.98 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:54 | 5.67 | % |
| Граѓани | 00:06:16 | 3.26 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:57 | 1.53 | % |
| Влада | 00:03:03 | 1.59 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:00:40 | 0.35 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:31 | 0.27 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:52 | 0.45 | % |
| Партија Десна | 00:01:07 | 0.58 | % |
| **Вкупно за избори 2024: 03:12:22** | | 100 | % |

**Вкупно анализирано време во вести = 06:25:35**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

ТВ 24 Вести ги почитуваше барањата за непристрасност баланс и правичност во посебните информативни емисии, организирани и како интервјуа и како дебати. Во интервјуата со експерти и аналитичари се говореше за поширокиот контекст на изборниот процес, а во оние со претседателските кандидати – за нивните програми и ставови. Притоа, само д-р Арбен Таравари, кандидатот поддржан од Коалицијата Влен/Вреди го откажал своето учество, за што телевизијата ги информираше гледачите. Дебатите пак, беа посветени на повеќе теми, директно или индиректно врзани за изборите.

**Интервјуа**

Во деновите во кои траеше официјалната изборна кампања за претседател на државата - од 4 до 22 април, ТВ 24 Вести во емисијата „Аргумент плус“ направи посебни интервјуа со сите седуммина претседателски кандидата, а кон крајот на кампањата, во емисијата Трилинг беа емитувани уште еден сет интервјуа со шестмина од нив, оти кандидатот д-р Арбен Таравари го откажа учеството. Овие интервјуа беа спроведени во специфичен формат - сите кандидати добија неколку исти прашања, а потоа одговорите беа претставени - последователно, монтирани еден по друг.

***Табела 23: Интервјуа на изборни теми на ТВ 24 Вести***
(премиерно емитувани)

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **04.04.** | Сотир Костов, политички аналитичар; | - ТВ-дуелот на Ковачевски - Мицкоски;<br>- нивото на политичката дебата во пресрет на официјалната предизборна кампања;<br>- измените на ИЗ и отежнувањето на условите за идните независни кандидати;<br>- обвинението против Максим Димитриевски и вклучувањето на Стевчо Јакимовски на американската „црна листа“;<br>- комбинаторики за поддршката на гласачите во вториот круг од Претседателските избори;<br>- можноста да не се исполни цензусот во вториот круг,<br>- позицијата на ДУИ наспроти опозициската Коалиција во етничко-албанскиот политички кампус; | **Студио 10** |
| **04.04.** | Агим Јонуз, политички аналитичар; | - осврт на текот предизборната кампања;<br>- потенцијалот на претстојните избори за промена на општите состојби во државата;<br>- деградацијата во сите области на општеството;<br>- партиската злоупотреба на темата со ЕУ-интеграциите во предизборната дебата;<br>- комбинаторики за составот на идната влада; | **Студио 10** |
| **04.04.** | проф. д-р Владимир Божиновски, програмски директор на Институтот за политички истражувања (ИПИС); | - обвинувањата од СДСМ за лажирање на предизборните анкети претставени на Јавниот радиодифузен сервис;<br>- проекции за резултатите од Претседателските и од Парламентарните избори;<br>- потписите за кандидатурата на проф. д-р Гордана Силјановска Давкова за претседател на државата;<br>- тонот на предизборната кампања;<br>- изборните листи на партиите за Парламентарните избори;<br>- коалициските прегрупирања пред изборите; | **Аргумент плус** |
| **05.04.** | Иво Ранѓеловиќ, политиколог; | - Претседателските избори и можноста да не се исполни цензусот во вториот круг;<br>- можното влијание на одржувањето двојни избори врз резултатите на Парламентарните избори;<br>- комбинаторики за поддршката во вториот круг;<br>- предизборната кампања и нејзиното влијание врз резултатите;<br>- уставните измени како можен услов за формирање на идната влада;<br>- состојбите во блокот партии на Албанците; | **Аргумент плус** |
| **05.04.** | Сања Лукаревска, заменик-претседателка на СДСМ и носителка на изборна листа на Коалицијата За европска иднина; | - предизборните анкети и нивната веродостојност;<br>- измените на Кривичниот законик и неказнивоста на функционерите;<br>- пропаѓањето на иницијативата за заеднички Европски фронт на СДСМ и ДУИ;<br>- проблемите со владеењето на правото во државата;<br>- борбата против криминалот и корупцијата;<br>- изборите и нивното влијание во продлабочувањето на поделбите во општеството;<br>- уставните измени и интеграцијата во ЕУ; | **Трилинг** |
| **05.04.** | Мендух Тачи, претседател на ДПА; | - влегувањето на ДПА во Коалиција со ДУИ;<br>- интеграцијата во ЕУ како „генерален имунитет“ на државата;<br>- идеите за претседател-Албанец; | **Трилинг** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - „етничките“ теми во предизборието;<br>- статусот на Тачи на американската „црна листа“;<br>- комбинаторики за поддршката на гласачите-Албанци во вториот круг на Претседателските избори,<br>- уставните измени како услов за формирање на идната влада; | |
| **08.04.** | Максим Димитриевски, претседателски кандидат и претседател на Движењето ЗНАМ – За наша Македонија; | - предизборната кампања;<br>- анкетите за рејтингот на партиите;<br>- општите состојби во државата;<br>- „Францускиот предлог“, уставните измени и интеграцијата во ЕУ;<br>- измените на Кривичниот законик;<br>- обвиненијата против Димитриевски за наводна злоупотреба на службената положба;<br>- можноста да не се исполни цензусот во вториот круг од Претседателските избори | **Аргумент плус** |
| **09.04.** | д-р Рубин Земон, универзитетски професор и претседател на Партијата за општествен и економски напредок (ПОЕН); | - тонот и насоката на предизборната кампања;<br>- предизборните анкети за рејтингот на политичките партии;<br>- апсењето на новинарот Фуркан Салиу;<br>- изборната борба во етничкиот албански политички кампус;<br>- нерамномерната распределба на времето во медиумите и на државните пари за партиите;<br>- потребата од промена на изборниот модел;<br>- комбинаторики околу поддршката во вториот круг од Претседателските избори;<br>- идејата за измени со кои ќе се внесат Бугарите во Уставот пред формирањето на новата влада; | **Студио 10** |
| **09.04.** | проф. д-р Гордана Силјановска - Давкова, кандидатка за претседател на државата поддржана од ВМРО ДПМНЕ и од Коалицијата Твоја Македонија; | - кандидатурата со пратенички наместо со собраните граѓански потписи;<br>- предвременото започнување на изборната кампања;<br>- поенти од изборната програма;<br>- апсењето на новинарот Фуркан Салиу;<br>- обвинувањата од СДСМ кон ВМРО ДПМНЕ за наводно лажирање на предизборните анкети;<br>- уставните измени, „Францускиот предлог“ и спорот со Бугарија;<br>- заложбата за амнестија на осудените за упадот во Собранието на 27 април 2017 г.; | **Аргумент плус** |
| **10.04.** | проф. д-р Стево Пендаровски, претседателски кандидат поддржан од СДСМ и Коалицијата за европска иднина и актуелен шеф на државата; | - „црниот“ тон на почетокот на предизборната кампања;<br>- обвинувањата кон ВМРО ДПМНЕ за наводно лажирање на предизборните анкети;<br>- наводите за ангажирање на израелскиот консултант Асаф Еисин;<br>- изборната програма на Пендаровски;<br>- спорот со Бугарија, уставните измени и интеграцијата во ЕУ;<br>- пропаѓањето на иницијативата „Отворен Балкан“;<br>- можната поддршка од ДУИ во вториот круг од Претседателските избори;<br>- иницијативата за ветинг во правосудството;<br>- идејата за избор на претседателот на државата во Собранието;<br>- балансерот и вработувањето во администрацијата по етнички клуч; | **Аргумент плус** |
| **11.04.** | проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска, кандидатка за претседател поддржана од Левица; | - предизборната кампања;<br>- идејата за нов, граѓански Устав;<br>- спорот со Бугарија, „Францускиот предлог“ и интеграцијата на земјава во ЕУ;<br>- уставните измени како можен услов за формирање на идната влада; | **Аргумент плус** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - односите меѓу извршната власт и Претседателот; | |
| **12.04** | д-р Бујар Османи, претседателски кандидат поддржан од ДУИ и актуелен министер за надворешни работи; | - интеграцијата во ЕУ како „животно прашање“ за државата;<br>- можноста да не се исполни цензусот во вториот круг на Претседателските избори;<br>- можноста да се формира влада на широка Коалиција;<br>- безбедносните предизвици, односно „руската закана“ во случај земјата да остане надвор од ЕУ;<br>- рамковниот договор и заштитата на помалите етнички заедници во државата;<br>- „Францускиот предлог“ и уставните измени;<br>- идејата за избор на претседателот на државата во Собранието; | **Аргумент плус** |
| **12.04** | Јордан Шишовски, универзитетски професор и политички аналитичар; | - Претседателските избори, кандидатите и предизборната кампања;<br>- „киднапирањето“ на државата од страна на партиите;<br>- насоченоста на партиските наративи само кон своите поддржувачи;<br>- геополитичката ситуација и позицијата на Македонија;<br>- корупцијата во системот и во општеството;<br>- процесот на интеграција на државата во Европската унија | **Трилинг** |
| **12.04** | Александра Теменугова, Институт за комуникациски студии; | - резултатите од извештајот од мониторингот на штетните наративи во комуникацијата на политичките партии;<br>- влијанието на партиските наративи врз севкупниот демократски амбиент во државата;<br>- поттикнувањето на општествените поделби од страна на партиите;<br>- начинот на медиумско покривање на партиските содржини како помош и учество во ширењето на штетните наративи;<br>- односот на медиумите кон штетните пораки на партиите; | **Трилинг** |
| **15.04** | Стевчо Јакимовски, претседателски кандидат поддржан од ГРОМ/Коалиција Храбро за Македонија и актуелен градоначалник на Општина Карпош; | - отсуството на организирана дебата меѓу претседателските кандидати;<br>- спорот со Бугарија и „Францускиот предлог“ за почеток на преговорите со ЕУ;<br>- вклучувањето на Јакимовски на „црната листа“ на САД;<br>- општите состојби во државата и потребните реформи;<br>- Коалицијата на ГРОМ со ПЦЕР и Интегра;<br>- позицијата на државава наспроти глобалните и геополитичките предизвици | **Аргумент плус** |
| **16.04** | Владимир Георгиев, поранешен член на ДКСК;<br><br>Александар Поповски, генерален секретар на Државниот завод за ревизија<br><br>(*две одвоени интервјуа на слични теми*); | - ингеренциите на ДКСК и ДЗР поврзани со изборите и финансирањето на кампањите;<br>- злоупотребата на државни ресурси во партиски цели;<br>- предвремениот почеток на предизборната кампања;<br>- измените во Изборниот законик;<br>- огласите за вработување во администрацијата во предизборниот период;<br>- предностите и слабостите на сегашниот модел на финансирање на политичките партии; | **24 Анализа** |
| **19.04** | Стевчо Јакимовски, претседателски кандидат поддржан од ГРОМ/Коалиција Храбро за Македонија;<br><br>проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска, кандидатка за | Сите кандидати добија исти прашања, а нивните одговори се монтирани во една целина, еден по друг, по различен редослед за секое прашање.<br><br>- состојбите во правосудството и идејата за ветинг на судиите и обвинителите, но и на сите јавни функционери;<br>- уставните измени и преговарачката рамка со ЕУ; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | претседател поддржана од Левица;<br><br>д-р Бујар Османи, претседателски кандидат поддржан од ДУИ;<br><br>проф. д-р Стево Пендаровски, претседателски кандидат поддржан од СДСМ/Коалиција за Европска иднина;<br><br>проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, кандидатка за претседател поддржана од<br>ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата Твоја Македонија;<br><br>Максим Димитриевски, претседателски кандидат поддржан од Движењето ЗНАМ; | - меѓуетничките односи и националистичките наративи во предизборната кампања;<br>- приоритетите на секој кандидат доколку биде избран за претседател | **Трилинг** |
| **22.04** | доц. д-р Бобан Карапејовски, носител на изборната листа на Движењето ЗНАМ во ИЕ 1; | -партизацијата и клиентелизмот во општеството;<br>- справувањето на државата со корупцијата;<br>- потребните реформи во образованието;<br>- уставните измени и интеграцијата во Европската унија;<br>- состојбите во правосудството; | **Студио 10** |
| **22.04** | д-р Арбен Таравари, претседателски кандидат поддржан од Коалицијата Влен/Вреди; | - Албин Курти и неговото можно влијание на изборите во земјава;<br>- предизборната кампања;<br>- гласањето на македонските државјани од дијаспората;<br>- улогата на дијаспората во политичките процеси поврзани со Албанците во земјава;<br>- обраќањето на Таравари само кон гласачите-Албанци;<br>- односот на Македонија со соседите и влијанието на Србија;<br>- уставните измени и интеграцијата во Европската унија | **Аргумент плус** |

## Дебати

Во анализираниот период, на ТВ 24 Вести беа емитувани вкупно седум дебатни емисии, во чиј фокус главно беа изборите и во кои, покрај политички аналитичари и поранешни политичари и носители на јавни функции (во улога на аналитичари), учествуваа и дел од кандидатите за пратеници. Притоа, Телевизијата ја почитуваше обврската од членот 75 став 1. Меѓу темите на овие дебати се издвојуваат: почетокот на кампањата за Претседателските избори, предизборните анкети на јавното мислење и нивната веродостојност, приведувањето на новинарот Фуркан Салиу, состојбите во политичкиот блок на Албанците и нивното влијание врз формирањето на идната влада, извештајот на Фридом Хаус за државава, борбата против корупцијата и криминалот, ниската доверба на граѓаните во правосудството, тонот и насоката на партиските пораки во кампањата.

*Табела 24: Дебати на изборни теми на ТВ 24 Вести*
(премиерно емитувани)

| ТВ 24 ВЕСТИ | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **04.04.** | - д-р Ненад Марковиќ, универзитетски професор;<br>- Ивица Боцевски, поранешен амбасадор и вицепремиер за евроинтеграции; | **24 Анализа** |
| **08.04.** | - Александар Пандов, Патриотски институт „Гоце Делчев“ (ВМРО-ДПМНЕ);<br>- Исмет Рамадани, политички аналитичар; | **Студио 10** |
| **09.04** | - д-р Ванчо Узунов, универзитетски професор;<br>- д-р Дарко Лазаров, универзитетски професор;<br>- д-р Никола Поповски, универзитетски професор; | **24 Анализа** |
| **11.04** | - Игор Јанушев, ВМРО ДПМНЕ;<br>- Јован Деспотовски, СДСМ; | **24 Анализа** |
| **17.04** | - д-р Самоил Малчевски, политички аналитичар;<br>- Столе Наумов, новинар и аналитичар;<br>- Абдулади Вејсели, поранешен политичар и пратеник; | **24 Анализа** |
| **18.04** | - Тања Лопарски, маркетинг и ПР-стратег;<br>- Мирче Адамчевски, новинар<br>- проф. д-р Елеонора Серафимовска, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) | **24 Отворено** |
| **22.04** | - Ѓорѓија Сајковски, носител на изборната листа на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата Твоја Македонија во ИЕ 5<br>- Јована Мојсоска, носител на изборната листа на Левица во ИЕ 5<br>- Весна Бендевска, носител на изборната листа на ЗНАМ во ИЕ 5<br>- Јован Митрески, носител на изборната листа на СДСМ и Коалицијата За европска иднина | **24 Отворено** |

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

На знаковен јазик беа преведени сите изданија на Дневникот од 20 часот и две изданија на актуелно-информативната емисија „24 Анализа“, со што ТВ 24 Вести ја исполни обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ - да се обезбеди информирање за лицата со сетилна попреченост.

## ТВ СОНЦЕ

***Дневноинформативни емисии***

### *Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 22 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 до 22 април);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 4 часа 31 минута и 26 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: соопштение, вест/во низа, извештај;

### *Начин на известување*

За анализа беше земен ТВ Дневникот од 22 часот, а медиумското претставување на седуммината кандидата за претседател на државата беше направено согласно со обврските од членот 75 став 1 и од членот 75-а став 1 алинеја а од ИЗ - правично, избалансирано и непристрасно, со почитување на принципот на еднаквост, и тоа така што во посебна рубрика беа прикажувани поенти од изборната понуда на секој од кандидатите поединечно, при што треба да се земе предвид и интензитетот на поединечните кампањи. Беше почитуван и принципот од членот 75-б од ИЗ, односно редакцијата не го злоупотреби новинарското известување за редовните активности на органите на власт во функција на изборната кампања. Голем дел од информирањето за изборниот процес опфаќа прилози за формалните, организациски активности што ги преземаа - ДИК (*изглед и дистрибуција на избирачкиот материјал/формирање избирачки одбори/информирање на гласачите*), МВР (*безбедносната состојба на гласачките изборни места/навремена достава на неопходните документи за лична идентификација на гласачите*), набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, како и обуката и кампањите што во прилог на изборните права ги спроведуваат одредени граѓански организации.

Редакцискиот пристап кон другите актуелни општествени теми, настани и случувања, вон стриктниот контекст на двата изборни процеса, повеќе е - регистраторски, новинарски непродуктивен, составен најчесто од соопштенија и од вести, а од поважните собития најприкажувани беа – пожарот во кој изгоре Универзалната сала и судскиот процес на ДКСК против АСЈО, иницирам од проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова, поради склучување договори со нови слушатели за почетна обука за судии и за јавни обвинители.

***Табела 25: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ Сонце***

| ТВ Сонце | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Други прилози** | | |
| Граѓански сектор | 00:12:59 | 8.94 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:39 | 13.52 % |
| Влада | 00:25:27 | 17.52 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:21:07 | 14.53 % |
| Други субјекти | 00:27:26 | 18.88 % |
| Судство | 00:05:31 | 3.80 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:04 | 2.11 % |
| Здравство | 00:16:37 | 11.44 % |
| Локална самоуправа | 00:01:07 | 0.77 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:08:38 | 5.94 % |
| СДСМ | 00:01:47 | 1.23 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:56 | 1.33 % |
| **Вкупно други прилози:** | **02:25:18** | **100 %** |
| **Избори 2024** | | |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:14:15 | 11.30 % |
| Стевчо Јакимовски | 00:11:42 | 9.28 % |

| | | |
|---|---|---|
| Арбен Таравари | 00:13:43 | 10.87 % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:07:14 | 5.73 % |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:05:18 | 4.20 % |
| ДИК | 00:03:56 | 3.12 % |
| Стево Пендаровски | 00:13:04 | 10.36 % |
| Бујар Османи | 00:11:15 | 8.92 % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:04:59 | 3.95 % |
| Максим Димитриевски | 00:08:39 | 6.86 % |
| Други субјекти | 00:05:30 | 4.36 % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:03:03 | 2.42 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:02:54 | 2.30 % |
| Влада | 00:02:20 | 1.85 % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:00:55 | 0.73 % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:00:55 | 0.73 % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:00:55 | 0.73 % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:00:55 | 0.73 % |
| Партија Десна | 00:00:55 | 0.73 % |
| Работничка партија | 00:00:55 | 0.73 % |
| Твоја партија | 00:00:55 | 0.73 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:01:04 | 0.85 % |
| СДСМ | 00:03:45 | 2.97 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:21 | 4.24 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:28 | 0.37 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:01:13 | 0.96 % |
| **Вкупно за избори 2024:** | **02:06:08** | **100 %** |

**Вкупно анализирано време во вести = 04:31:26**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Во емисијата „Јади бурек“, која жанровски варира од говорно-шоу со отворен телефонски контакт со слушатели - до актуелно-информативна емисија, во зависност од содржината/ите на конкретно издание - на 10 април беше направено едноиполчасовно интервју со проф. д-р Билјана Ванковска -Цветковска, кандидатка поддржана од партијата Левица во изборниот процес за претседател на државата. Наредните изданија на истата емисија не се однесуваат на актуелната изборна тематика.

Во целиот свој програмски сервис, ТВ Сонце не емитуваше ни дебатни соочувања ни какви било други видови емисии на општествено-политички и/или на изборни теми.

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Секојдневно, вестите од 18 часот беа преведувани на знаковен јазик, а еднаш неделно беше титлувано издание на емисијата „Јади бурек“ - на тој начин ТВ Сонце ја исполни обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање на лицата со сетилна попреченост.

## ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести на 18:30 албански јазик
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 април до 22 април,);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 4 часа 22 минути и 43 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

ТВ Клан Мацедониа во новинарското известување за активностите од изборните кампањи на претседателските кандидати обезбеди правично, избалансирано и непристрасно претставување, почитувајќи го принципот на еднаквост што е обврска од членот 75 став 1 и од членот 75-а став 1 алинеја а од ИЗ, односно: проф. д-р Стево Пендаровски беше застапен со 16 минути и 49 секунди; проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова со - 13 минути и 8 секунди; Стевчо Јакимовски со - 11 минути и 48 секунди; д-р Бујар Османи со - 20 минути и 56 секунди; проф. д-р Билјана Ванковска -Цветковска со - 12 минути и 28 секунди; д-р Арбен Таравари со 16 минути и 31 секунда и Максим Димитриевски со - 10 минути и 46 секунди. Во посебен блок за прилози од изборната претседателска кампања, претежно беа пренесувани поенти искажани од митинзи и од организирани средби со граѓани, а во потесен изборен контекст беа бележени и редовните процедури од работниот домен на ДИК. Информативната редакција на ТВ Клан ја почитуваше и принципиелноста на објективната новинарска дистанца во однос на известувањето за редовните активности на носителите на функции на власт, законски поставена со членот 75-б од ИЗ.

Двојно помалку време во вестите за анализираниот период од 4 до 22 април беше отстапено за други, неизборни теми од општественото секојдневие, но и тие теми не беа оставени настрана од активностите на претставниците на изборно најажурните опозициски партии, па информативната редакција се фокусираше на прилози со критички ставови и реакции кон работата и кон извршниот мандат на партиите од власта. Во оваа општествена проблематика, носечки теми беа – зачестените протести и штрајкови на синдикално организирани општествени сектори, потоа приведувањето на новинарот Фуркан Салиу и барањето (политички) причини/виновници за пожарот на Универзалната сала.

***Табела 26: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ Клан Мацедониа***

| ТВ Клан Мацедониа | | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| **Други прилози** | | |
| Влада | 00:14:54 | 20.59 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:29 | 13.11 % |
| Други субјекти | 00:17:52 | 24.69 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:42 | 2.35 % |
| СДСМ | 00:01:42 | 2.35 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:36 | 2.21 % |
| Локална самоуправа | 00:01:49 | 2.51 % |
| Граѓани | 00:06:01 | 8.32 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:04:53 | 6.75 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:01:37 | 2.23 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:01:16 | 1.75 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:42 | 5.11 % |
| Арбен Таравари | 00:01:01 | 1.41 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:31 | 0.71 % |
| Граѓански сектор | 00:00:49 | 1.13 % |
| Бујар Османи | 00:00:30 | 0.69 % |
| Претседател | 00:00:30 | 0.69 % |
| Собрание | 00:00:30 | 0.69 % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:01:24 | 1.94 % |
| Судство | 00:00:33 | 0.76 % |
| Вкупно други прилози: | 01:12:21 | 100 % |
| **Избори 2024** | | |
| Други субјекти | 00:04:20 | 2.28 % |
| Стево Пендаровски | 00:16:40 | 8.76 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:09 | 3.76 % |
| Арбен Таравари | 00:15:22 | 8.07 % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:12:20 | 6.48 % |
| Стевчо Јакимовски | 00:11:42 | 6.15 % |
| Максим Димитриевски | 00:10:39 | 5.59 % |
| Бујар Османи | 00:20:23 | 10.71 % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:43 | 5.10 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:20:47 | 10.92 % |
| СДСМ | 00:03:55 | 2.06 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:00:51 | 0.45 % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:00:51 | 0.45 % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:00:51 | 0.45 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:13:02 | 6.85 % |

| | | |
|---|---|---|
| Влада | 00:03:51 | 2.02 % |
| ДИК | 00:04:43 | 2.48 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:32 | 2.38 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:08:01 | 4.21 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:00:37 | 0.32 % |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:07:25 | 3.90 % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:05:45 | 3.02 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:43 | 0.38 % |
| Граѓани | 00:03:09 | 1.65 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:49 | 0.43 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:02:12 | 1.16 % |
| **Вкупно за избори 2024:** | **03:10:22** | **100 %** |

Вкупно анализирано време во вести = 04:22:43

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

ТВ Клан, во 15 посебни информативни емисии, обработуваше теми поврзани со Претседателските избори при што најчесто гости во студиото беа новинари и аналитичари, а поретко политичари и тоа пред сè од политичките партии на Албанците. Телевизијата притоа ја почитуваше обврската од член 75 став 1.

### *Интервјуа*

Изборите како тема се појавија во две интервјуа. Едно со политичарка од партија на Ромите, а другото со министерот за внатрешни работи, во кое фокусот беше ставен на подготовките за изборите.

***Табела 27: Интервјуа на изборни теми на ТВ Клан Мацедониа***
(премиерно емитувани)

| ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **05.04.** | Фатима Османовска, претседателка на Унијата на Ромите; | - очекувањата од Коалицијата Европски фронт;<br>- можности за партиска вклученост во законодавната и во извршната власт;<br>- меѓународниот ден на Ромите;<br>- општа оценка за двата изборни процеса; | **Првиот час** |
| **05.04.** | Панче Тошковски, заменик - министер за внатрешни работи во преодната Влада, од редовите на ВМРО ДПМНЕ; | - подготвеноста на МВР за изборниот процес;<br>- потребата од дополнително присуство на МВР во изборните места во Тетово и во Гостивар;<br>- соработката со Бирото за јавна безбедност. | |

### Дебати

Специфика на ТВ Клан при медиумското претставување на учесниците во изборниот процес е тоа што типичната новинарска форма – „групно/колективно интервју“, тука е видоизменета и

реализирана како – „дебатно соочување“, оти гласот на учесникот во изборната кампања (*оној што нешто нуди пред гласачкото тело*) е поставен како рамноправен во „панел дискусија“. На тој начин, д-р Бујар Османи, учесник во процесот за избор на претседател на државата, на 10 април, во првата недела од официјалниот почеток на изборната кампања, е ставен во дебатно соочување со повеќе – панелисти/дискутанти што доаѓаат од различни општествени сектори – граѓански, новинарски и/или политиколошки, во смисла на систематично анализирање на домашните и на регионалните политички процеси.

Во периодот од 4 до 22 април премиерно се емитувани 13 дебати, тематски фокусирани на двата изборни процеса, но спектарот на поттемите е мошне широк: осврти кон предизборните ТВ-дуели меѓу: Мицкоски, лидерот на опозициската ВМРО ДПМНЕ, и Ковачевски, лидерот на владејачката СДСМ, односно – Османи – Европски фронт/Таравари – Влен/Вреди; постојните изборни позиции и потенцијалите на коалициите на албанските партии; можните постизборни комбинаторики; проценка на изборниот исход по изборни единици.

***Табела 28: Дебати на изборни теми на ТВ Клан Мацедониа***
(премиерно емитувани)

<table>
<tr><th colspan="4">ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА</th></tr>
<tr><th>Датум</th><th>Соговорници</th><th>Теми</th><th>Наслов на емисија</th></tr>
<tr><td>04.04.</td><td colspan="2"><u>Новинари/аналитичари на изборниот процес:</u><br><br>1. Никола Тасев,<br>2. Зоран Бојаровски,<br>3. Младен Чадиковски;<br>4. Столе Наумов;</td><td>Клан дебата</td></tr>
<tr><td>05.04.</td><td colspan="2"><u>Новинари/аналитичари на изборниот процес:</u><br><br>1. Насер Селмани;<br>2. Џенур Исени;<br>3. Латиф Арифи;</td><td>Дебат Плус</td></tr>
<tr><td>8.04.</td><td colspan="2">1. Илир Хасани, претставник на Европски фронт;<br>2. Алберт Муслиу, политички аналитичар;<br>3. Халил Снопче, претставник на Влен/Вреди;<br>4. Ќенан Алиу, политички аналитичар;</td><td>Клан дебата</td></tr>
<tr><td>9.04.</td><td colspan="2"><u>Новинари / аналитичари на изборниот процес</u>:<br><br>1. Насер Селмани;<br>2. Џенур Исени;<br>3. Дибран Хоџа;<br>4. Лирим Меметај;<br>5. Нури Беџети;<br>5. Астрит Гаши;</td><td>Дебат Плус</td></tr>
<tr><td>10.04.</td><td colspan="2">1. Бујар Османи, претседателски кандидат – ДУИ/Коалиција Европски фронт;<br><br><u>аналитичари/панелисти</u>:<br>2. Илир Мирена;<br>3. Зана Авдиу;<br>4. Валон Сила;</td><td>Пресинг</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| **11.04.** | <u>аналитичари/панелисти</u>:<br><br>1. Нано Ружин;<br>2. Мухамед Халили;<br>3. Александар Пандов; | **Клан дебата** |
| **12.04.** | <u>аналитичари/панелисти</u>:<br><br>1. Насер Селмани;<br>2. Дибран Хоџа;<br>3. Лирим Меметај;<br>4. Нури Беџети;<br>5. Астрит Гаши; | **Дебат Плус** |
| **15.04.** | 1. Блерим Беџети, претставник на Европски фронт;<br><br><u>аналитичари/панелисти</u><br>2. Валон Бела;<br>3. Абедин Исмаили; | **Клан дебата** |
| **16.04.** | 1. Азир Алиу, претставник на Влен/Вреди;<br><br><u>аналитичари/панелисти</u><br>2. Астрит Гаши;<br>3. Дибран Хоџа;<br>4. Имер Мушколај; | **Дебат Плус** |
| **17.04.** | <u>аналитичари/панелисти</u><br><br>1. Алберт Муслиу;<br>2. Зана Авдиу;<br>3. Илир Мирена;<br>4. Фатон Алити;<br>5. Валон Сила; | **Пресинг** |
| **18.04.** | <u>аналитичари/панелисти</u><br><br>1. Викторија Абрамовиќ Мадиќ, заменик министер за правда;<br>2. Сефер Селими;<br>3. Илија Димовски, ИК на ВМРО ДПМНЕ; | **Клан дебата** |
| **19.04.** | 1. Мендух Тачи, претседател на ДПА;<br><br><u>аналитичари/панелисти</u><br>2. Лирим Меметај;<br>3. Дибран Хоџа;<br>4. Насер Селмани; | **Дебат Плус** |
| **22.04.** | <u>аналитичари/панелисти</u><br><br>1. Валон Бела;<br>2. Фатон Алити;<br>3. Џенур Исени;<br>4. Ќенал Алиу. | **Клан дебата** |

***<u>Информирање за лицата со сетилна попреченост</u>***

При мониторингот над изборното медиумско претставување на програмата на ТВ Клан Мацедониа, емитувана во периодот од 4 до 22 април 2024 година, <u>АВМУ констатираше прекршување на членот 75 став 1, а во врска со членот 75 став 4 алинеја 1 од ИЗ</u> бидејќи во текот на првиот круг од

изборната кампања за Претседателските избори 2024 година, ТВ Клан Мацедониа не обезбеди информирање за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, ниту во најмалку едно издание на вестите на дневно ниво, ниту во друга програмска содржина на неделно ниво емитувана во периодот од 16:00 до 24:00 часот.

# ТВ 21- М

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник 2* од 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 април до 22 април);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 5 часа 55 минути и 54 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Спротивно на членот 75 став 1 а во врска со член 75-а став 1 алинеја а од ИЗ, телевизијата ТВ 21-М во анализираните 19 изданија на дневноинформативната емисија од 18:30 часот за периодот од 4 до 22 април 2024 година - не се придржуваше до принципот на - еднаквост – при медиумското претставување на кандидатите за претседател на државата за време на изборната кампања во првиот круг за Претседателските избори 2024 година, затоа што воопшто не известуваше за изборните активности на проф. д-р Билјана Ванковска – Цветковска, поддржана од партијата Левица. Медиумот, во допис до Агенцијата (наш арх. бр. 03-2134/1 од 30.04.2024 година), наведе дека ваквата одлука била донесена на нивниот уредувачки колегиум затоа што, како што посочуваат, кандидатката за претседател на Републиката на партијата Левица промовира вредности кои не се во согласност со уредувачката политика на ТВ 21 - М, како што се „отповикување на признавањето на Косово како независна и суверена држава, излегување од членството во НАТО Алијансата, раскинување на Преспанскиот договор, ревизија на Охридскиот рамковен договор со кој беше ставен крај на воениот конфликт во земјава и така натаму“. Самостојноста, независноста, но и одговорноста на уредниците при креирањето на уредувачката политика е загарантирана со членот 47-а став 1 алинеја 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, но во услови на изборен процес, членот 75 став 1 од Изборниот законик стриктно и јасно пропишува дека радиодифузерите се должни да известуваат на правичен, избалансиран и непристрасен начин во вкупната програма, а членот 75-а став 1 алинеја а, прецизира дека ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите за претседател на Републиката во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за претседател. Всушност, во време на изборен процес, врвен јавен интерес е почитувањето на уставно загарантираното право на граѓаните да бидат еднакво информирани за сите кандидати и опции на изборите за да можат на денот на гласањето да донесат одлука заснована на факти.

Статистичкиот биланс, од известувањето за останатите шестмина кандидата за претседател на државата, укажува на тенденција да се почитува принципот на еднаквоста на медиумскиот

третман, така што е отстапено приближно еднакво време за известувањето од кампањските активности на: проф. д-р Стево Пендаровски - 20 минути и 25 секунди; проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова - 20 минути и 53 секунди; Стевчо Јакимовски - 13 минути и 45 секунди; д-р Бујар Османи - 26 минути и 52 секунди; Максим Димитриевски - 17 минути и 37 секунди, и д-р Арбен Таравари – 15 минути и 59 секунди, имајќи го притоа предвид различниот интензитет на поединечните активности во кампањата.

Во централните вести од 18:30 часот, ТВ 21-М ги следеше опозициските (*најчесто од ВМРО ДПМНЕ*) обвинувања на адреса на владејачкиот претседателски кандидат проф. д-р Пендаровски, поддржан од СДСМ како предводник на Коалицијата за Европска иднина, како и јавните искази на д-р Бујар Османи, кој е воедно и актуелен министер за надворешни работи, во врска со условите од ЕУ-преговарачката рамка, за полициското приведување на новинарот Фуркан Салиу, како и за клучните оценски забелешки од извештаите за „државите во транзиција" што ги изготвуваат Фридом Хаус, Светската банка и ММФ. Во предизборниот период, важна тема за информативната редакција се покажа и политизацијата на пожарот во кој изгоре скопската Универзална сала, потоа приговорот на проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова пред ДКСК за нерегуларности во предизборното работење на АСЈО, политичките локални и регионални одгласи од предлогот на д-р Бујар Османи – Македонија да биде коспонзор на резолуцијата за геноцидот во Сребреница предложена од ОН, а редовно беше известувано и за честите протести за социјалните и за економските права на вработените од различни општествени сектори. Забележливо време беше отстапено и за одбележувањето на Светскиот ден на здравјето, предизборно промотивно искористен и од д-р Арбен Таравари, претседателскиот кандидат поддржан од опозициската Коалиција Влен/Вреди, кој организираше дебата со доктори по медицина и со други здравствени работници.

***Табела 29: Застапеноста на субјектите во вести и теми на ТВ 21-М***

| ТВ 21 - М | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Други прилози** | | |
| Други субјекти | 00:57:38 | 41.88 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:44 | 2.71 % |
| Граѓани | 00:07:21 | 5.34 % |
| Граѓански сектор | 00:17:46 | 12.91 % |
| Јавно обвинителство | 00:04:05 | 2.97 % |
| Влада | 00:18:25 | 13.38 % |
| СДСМ | 00:02:42 | 1.96 % |
| Арбен Таравари | 00:01:54 | 1.38 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:01:09 | 0.84 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:05:34 | 4.05 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:51 | 2.07 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:48 | 2.03 % |
| Бујар Османи | 00:01:01 | 0.74 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:00:33 | 0.40 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:47 | 0.57 % |

| | | |
|---|---|---|
| Судство | 00:02:18 | 1.67 % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:01:37 | 1.17 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:02:07 | 1.54 % |
| Локална самоуправа | 00:03:17 | 2.39 % |
| Вкупно други прилози: | 02:17:37 | 100 % |
| **Избори 2024** | | |
| Други субјекти | 00:02:06 | 0.96 % |
| Стево Пендаровски | 00:20:25 | 9.35 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:20:53 | 9.57 % |
| Стевчо Јакимовски | 00:13:45 | 6.30 % |
| Бујар Османи | 00:26:52 | 12.31 % |
| Арбен Таравари | 00:15:59 | 7.32 % |
| Максим Димитриевски | 00:17:37 | 8.07 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:24:19 | 11.14 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:17:14 | 7.89 % |
| Коалиција Твоја Македонија ВМРО-ДПМНЕ | 00:09:06 | 4.17 % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:08:26 | 3.86 % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:17 | 3.34 % |
| ДИК | 00:03:04 | 1.40 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:56 | 2.26 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:00:54 | 0.41 % |
| Влада | 00:01:01 | 0.47 % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:00:29 | 0.22 % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:00:29 | 0.22 % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:00:29 | 0.22 % |
| Твоја партија | 00:00:29 | 0.22 % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:00:29 | 0.22 % |
| Работничка партија | 00:00:29 | 0.22 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:53 | 3.15 % |
| СДСМ | 00:06:53 | 3.15 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:00:54 | 0.41 % |
| Граѓани | 00:05:11 | 2.37 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:01:38 | 0.75 % |
| **Вкупно за избори 2024:** | **03:38:17** | 100 % |

Вкупно анализирано време во вести = 05:55:54

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

ТВ 21-М не се придржуваше до принципот на еднаквост при медиумското претставување на кандидатите за претседател на државата за време на изборната кампања во првиот круг за Претседателските избори 2024 година во посебните информативни емисии, затоа што во периодот од 4 до 22 април 2024 година, емитуваше интервјуа со петмина од вкупно седум кандидата за претседател на Републиката, односно не емитуваше интервју со проф. д-р Билјана Ванковска – Цветковска, поддржана од партијата Левица и Стевчо Јакимовски подржан од ГРОМ/Коалиција Храбро за Македонија.

***Интервјуа***

Изборите беа тема на 17 интервјуа реализирани на ТВ 21-М во периодот од 4 до 22 април, од кои пет беа со претседателските кандидати. Кај интервјуата, освен кандидатката поддржана од партијата Левица проф. д-р Билјана Ванковска – Цветковска, не е интервјуиран ниту Стевчо Јакимовски поддржан од ГРОМ/Коалиција Храбро за Македонија. Притоа, медиумот на никаков начин не ги извести гледачите зошто не реализирал интервјуа со овие двајца кандидати. За одлуката да не ја покрива кампањата на проф. д-р Ванковска – Цветковска ја извести Агенцијата на 30 април, но ниту регулаторното тело не го извести зошто нема интервју со Стевчо Јакимовски.

***Табела 30: Интервјуа на ТВ 21-М***
(премиерно емитувани)

| ТВ 21-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **04.04.** | Садула Дураку, Коалиција Европски фронт; | - обидот за атентат врз градоначалникот на О. Арачиново;<br>- мислење за опозициската Коалиција Влен/Вреди;<br>- Фатмир Битиќи како конкурент во ИЕ2;<br>- поенти од изборната понуда на Европскиот фронт;<br>- ДУИ против Влен/Вреди во ИЕ1;<br>- можна Коалиција со ВМРО ДПМНЕ;<br>- д-р Бујар Османи – „мисионер“ или „политичар“;<br>- „национализмот“ во изборните кампањи; | Клик Плус |
| **04.04.** | проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, кандидатка за претседател поддржана од ВМРО ДПМНЕ/Коалиција Твоја Македонија; | - можна реприза од претходните избори;<br>- оценка за конкурентот проф. д-р Пендаровски;<br>- можните уставни измени;<br>- предлогот на ВМРО ДПМНЕ за намалување на пратеничкиот состав;<br>- зголемувањето на функционерските плати;<br>- „ветинг“ во судството;<br>- безбедносната состојба на државата; | Клик Плус |
| **04.04.** | Ангела Агелер, амбасадорка на САД; | - корупцијата на државниот систем;<br>- коментар за СЈО/„црната листа“/текот на изборниот процес;<br>- потребата од измените на македонскиот Устав;<br>- т.н. „руско влијание“ во македонската политика; | Клик Плус |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **05.04** | Имер Селмани, поранешен кандидат за претседател; | - оценка за дебатата меѓу кандидатите Османи и Таравари;<br>- оценка за изборната реторика;<br>- предлогот за избор на претседател на државата преку Собранието;<br>- шанси за влез во вториот изборен круг;<br>- оценка за мандатот на Талат Џафери (ДУИ); | Дневен Клик Плус |
| **05.04** | Бисера Костадиновска - Стојчевска, министерка за култура (СДСМ); | - министерскиот мандат во ресорот – култура;<br>- конфликтот околу надлежностите со Град Скопје;<br>- коментар за изборниот период; | 10 Минути |
| **08.04** | проф. д-р Стево Пендаровски, актуелен претседател и претседателски кандидат поддржан од СДСМ/Коалиција за Европска иднина; | - поенти од изборната понуда;<br>- можните измени на македонскиот Устав;<br>- коментар за состојбите во судскиот систем;<br>- можноста ДУИ да замине во опозиција;<br>- шанси за влез во вториот круг;<br>- армијата и полицијата како надлежности на претседателот на државата; | Клик Плус |
| **09.04.** | Јован Деспотовски, ИО на СДСМ; | - оценка за текот на изборната кампања;<br>- американската „црна листа“ и недонесувањето на Законот за рестриктивни мерки;<br>- очекувањата по изборната кампања; | Дневен Клик Плус |
| **10.04** | Зијадин Села, Алијанса за Албанците; | - придонесот на АА во Владата;<br>- оценка за текот на изборниот процес; | Клик Плус |
| **10.04.** | Максим Димитриевски, кандидат за претседател поддржан од Движењето ЗНАМ; | - поенти од изборната кампања;<br>- (не)можноста за Коалиција со ДУИ;<br>- можното учество на ЗНАМ во постизборната – нова влада; | Изборни дебати (2) |
| **12.04** | Владимир Ѓорчев, ИК на ВМРО ДПМНЕ; | - изборната понуда на ВМРО ДПМНЕ;<br>- коментар за критериумите за ЕУ-интеграциите; | Дневен Клик Плус |
| **15.04** | Ријад Шаќири, кандидат за пратеник од Коалицијата Влен/Вреди; | - куса биографија;<br>- коментар за (не)функционалноста на локалната самоуправа;<br>- дебатно соочување со Скендер Реџепи Зејд;<br>- осврт за кандидатурата на д-р Таравари;<br>- понудата на Коалицијата Влен/Вреди;<br>- МНР и односите со Албин Курти;<br>- изборни ветувања за жителите на О. Липково; | Дневен Клик Плус |
| **17.04** | Вјлоца Бериша, член на раководството на Алијанса за Албанците (*Села*) и заменик-министер за земјоделие; | - изборот на Села наместо на Таравари;<br>- клучните поенти од програмата на Европскиот фронт;<br>- отсуството на жени раководители во албанскиот политички блок;<br>- развој и проекти во земјоделието; | Дневен Клик Плус |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.04** | д-р Венко Филипче, пратенички кандидат од Коалицијата за Европска иднина, носител на листа во ИЕ 4; | - причини за враќање во политиката;<br>- состојбата на македонското здравство;<br>- (не)нужноста за измените на Уставот;<br>- осврт кон пожарот во Тетовската болница и статистиката по Ковид -19; | Клик Плус |
| **18.04** | Владо Мисајловски, пратенички кандидат, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ; | - поенти од изборната програма;<br>- коментар за условените измени на Уставот;<br>- очекувања за резултатот од двата изборни процеса; | Клик Плус |
| **22.04** | Али Ахмети, претседател на ДУИ; | - улогата на ОНА во изборната кампања;<br>- измените на македонскиот Устав;<br>- односите со ВМРО ДПМНЕ;<br>- лидер на ДУИ или предводник на Европскиот фронт;<br>- д-р Таравари против д-р Османи; | Клик Плус |
| **22.04** | д-р Бујар Османи, претседателски кандидат поддржан од ДУИ/Коалиција Европски фронт; | - поенти од изборната кампања/програма;<br>- оценки за дебатите околу претседателските избори;<br>- уставните измени по или пред формирање влада; | Изборна дебата |
| **22.04** | д-р Арбен Таравари, кандидат за претседател поддржан од Коалицијата Влен/Вреди; | - поенти од изборната кампања/програма;<br>- анализа на текот на претседателските избори;<br>- шансите за влез во вториот круг;<br>- потенцијалите на Коалицијата Влен/Вреди; | Изборна дебата |

### *Дебати*

Неколкудневното совпаѓање на изборните кампањи од двата изборни процеса се одрази и врз изборот на гостувањата за дебатните соочувања реализирани и емитувани од 4 до 22 април, оти освен „претседателската дебата“ меѓу – д-р Бујар Османи и д-р Арбен Таравари – кандидатите поддржани од двата ривалски - владејачки и опозициски - коалициски табора, забележливо беше и присуството на партиски кандидати што се носители на изборните листи за нов пратенички состав на македонското Собрание. Темите за дебата беа: изборниот потенцијал на коалициското здружување и заштитата на малцинските права; начините и пристапот за спречување на одливот млад и стручно оспособен работен кадар; анализа на политичката идеја за избор на претседател на државата низ дебата и преку гласање во Собранието; условувањето на ЕУ-интеграциите со нужни промени на македонскиот Устав; реалноста/пропагандата за т.н. „руско влијание“ врз македонската политика; политизацијата на полициското приведување на новинарот Фуркан Салиу; различните облици политичко/партиско влијание врз приватниот бизнис и врз македонската економија, воопшто.

***Табела 31: Дебатни емисии на ТВ 21 - М***
(премиерно емитувани)

| **ТВ 21-М** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |

| | | |
|---|---|---|
| **04.04.** | 1. Џелал Хоџиќ, претседател на Демократската акција на Бошњаците;<br>2. Фатима Османовска, претседателка на Унијата на Ромите;<br>3. Енис Ибрахим, претседател на Движењето на Турците; | **Дневен Клик Плус** |
| **04.04.** | 1. д-р Арбен Таравари, кандидат за претседател - Коалиција Влен/Вреди;<br>2. д-р Бујар Османи, кандидат за претседател - ДУИ/Коалиција Европски фронт; | **Изборна дебата** |
| **08.04.** | 1. Беким Сали, претставник на Коалицијата Влен/Вреди;<br>2. Илир Хасани, претставник на Коалицијата Европски фронт; | **Дневен Клик Плус** |
| **09.04.** | 1. Крешник Бектеши, министер за економија; и<br>2. Арбер Адеми; претставници на Коалицијата Европски фронт;<br>3. Азир Алиу;<br>4. Арбен Фетаху – претставници на Коалицијата Влен/Вреди; | **Изборна дебата** |
| **11.04.** | Политички аналитичари:<br>1. Сефер Тахири;<br>2. Драган Антоновски; | **Клик Плус** |
| **15.04.** | 1. Билал Касами;<br>2. Кренар Османи – претставници на Коалицијата Влен/Вреди<br><br>Политички аналитичари:<br>3. Сефер Селими;<br>4. Алберт Муслиу; | **Изборни дебати (2)** |
| **16.04.** | 1. Марко Михајловски, УМС на СДСМ;<br>2. Сергеј Попов, од УМС на ВМРО ДПМНЕ; | **Дневен Клик Плус (2)** |
| **19.04.** | Политички аналитичари:<br>1. Никола Србов;<br>2. Иво Врангеловиќ; | **Клик Плус** |
| **22.04.** | 1. Снежана Калеска-Ванчева, пратеничка од СДСМ;<br>2. Благица Ласовска, пратеничка од ВМРО ДПМНЕ;<br>3. Арта Биљали-Зендели, пратеничка од ДУИ; | **Клик Плус** |
| **22.04.** | 1. Славјанка Петровска – СДСМ, носителка на изборна листа во ИЕ 6;<br>2. Дафина Стојановска - ВМРО ДПМНЕ, носителка на изборна листа во ИЕ 6; | **Дневен Клик Плус** |

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Од понеделник до петок - вестите од 23 часот беа преведувани со знаковен јазик, а секоја сабота беше титлувана по една информативна емисија во периодот меѓу 16 и 23 часот, со што беше исполнета обврската од членот 75, ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање за лицата со сетилна попреченост.

# ТВ ШЕЊА

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник,* 17:55/18:55 часот;

**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 4 април до 22 април);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 12 минути и 4 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Паралелно со текот на официјалниот период - од 4 до 22 април, одреден за планираните промотивни активности на претседателските кандидати во изборниот процес, се одвиваа и подготовките за чествувањето на Рамазан Бајрам, па поради тоа ТВ Шења од 4 до 9 април го имаше поместено вообичаениот термин за централниот ТВ Дневник од 18:55 во 17:55 часот.

Со оглед на тоа дека најголем дел од емитуваните аудиовизуелни материјали, со кои се илустрираше известувањето за организираното претставување на седуммината претседателски кандидата, беа монтажа од готов промотивен материјал од ангажираните комуникаторски тимови, а не реална новинарска работа, од анализата на централниот ТВ дневник е очигледно дека таквиот материјал не бил редовно и ажурно доставуван до информативната редакција. Оттаму, разликите во времетраењето на прилозите за медиумското претставување на кампањата на поединечните претседателски кандидати, односно – отстапувањето од принципот на еднаквоста зададен како основна одредба од ИЗ. Ваквиот заклучок може да се изведе и - споредбено, оти истава комуникациска практика, меѓу платените професионални промотори на претседателските изборни кампањи и информативните редакции, е евидентирана и кај другите телевизии опфатени со мониторингот, но нема толкави варијации од еднаквоста во медиумското известување поставена како законска норма во изборен процес. Сепак, низ соопштенија, вести и извештаи за изборниот процес - немаше кандидат чие претставување пред потенцијалните гласачи воопшто не беше медиумски застапено, а крајната статистика, по 19 дена изборна кампања, изгледа вака: 20 минути и 34 секунди за проф. д-р Стево Пендаровски (*СДСМ/Коалиција за Европска иднина*); 17 минути и 57 секунди за проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова (*ВМРО ДПМНЕ/Коалиција Твоја Македонија*); 23 минути и 53 секунди за д-р Бујар Османи (*ДУИ/Коалиција Европски фронт*); 21 минута и 4 секунди за д-р Арбен Таравари (*Коалиција Влен*); 6 минути и 9 секунди за Стевчо Јакимовски *(ГРОМ/Коалиција Храбро за Македонија*); 8 минути и 16 секунди за проф. д-р Билјана Ванковска - Цветковска (партија Левица); и 7 минути и 38 секунди за Максим Димитриевски (*ЗНАМ – За наша Македонија*). Од друга страна, пак, барем за претседателските кандидати проф. д-р Ванковска-Цветковска и Стевчо Јакимовски, може да се рече дека медиумското време за себепрезентација им е надоместено преку интервјуата направени во емисијата *Интервју во Шења*.

Во врска со организацијата општествен амбиент за спроведување безбеден, фер и демократски изборен процес, ТВ Шења емитуваше прилози и за работата на ДИК и на МВР, како и за набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР.

За новинарски вести и извештаи поврзани со обработка актуелни настани, случувања и состојби во различни општествени домени, во анализираниот период од 4 до 22 април, ТВ Шења одвои - 3 часа и 22 минути, при што најголемо внимание привлекоа редовните активности на преодната Влада, потоа новинарските и политичките одгласи по полициското приведување на новинарот Фуркан Салиу, последиците по пожарот на скопската Универзална сала, експертските коментари за лошите оценки за македонската демократија во годишните извештаи на невладината Фридом Хаус, на Светската банка и на ММФ, и редовното известување за државната медицинска статистика за состојбата со „големата кашлица“. Во информативното време за методолошката ставка – „други субјекти“, бележени се: економски активности на бизнис-заедницата, потоа проекти и образовни заложби на универзитетите, ставови и одлуки на регулаторните комисии и честите протести/штрајкови на вработени во различни општествени сектори.

***Табела 32: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ Шења***

| ТВ Шења | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Други прилози** | | |
| Други субјекти | 01:24:00 | 41.58 % |
| Влада | 00:41:28 | 20.52 % |
| Јавно обвинителство | 00:11:03 | 5.47 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:21 | 6.61 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:12:04 | 5.97 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:08:45 | 4.33 % |
| Граѓански сектор | 00:07:18 | 3.61 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:18 | 2.13 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:01:24 | 0.69 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:42 | 0.84 % |
| Претседател | 00:01:22 | 0.68 % |
| Собрание | 00:00:45 | 0.37 % |
| СДСМ | 00:00:18 | 0.15 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:18 | 0.15 % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:00:18 | 0.15 % |
| Беса | 00:00:18 | 0.15 % |
| Европски сојуз за промени (алб. опозиција) | 00:00:18 | 0.15 % |
| Движење на народот (Скендер Реџепи) | 00:00:18 | 0.15 % |
| Демократско движење (Изет Меџити) | 00:00:18 | 0.15 % |
| Европска демократска партија (А.Хоџа) | 00:00:18 | 0.15 % |
| Судство | 00:04:46 | 2.36 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:51 | 1.41 % |
| Здравство | 00:01:50 | 0.91 % |
| Локална самоуправа | 00:02:41 | 1.33 % |
| Вкупно други прилози: | 03:22:02 | 100 % |
| **Избори 2024** | | |
| Други субјекти | 00:04:16 | 2.51 % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:08:13 | 4.83 % |
| Коалиција Европски фронт | 00:15:02 | 8.84 % |
| Бујар Османи | 00:23:53 | 14.05 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:10:53 | 6.40 % |
| Стево Пендаровски | 00:20:34 | 12.10 % |

| | | |
|---|---|---|
| Коалиција за Европска иднина | 00:07:47 | 4.58 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:17:57 | 10.56 % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:08:16 | 4.86 % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:01:11 | 0.70 % |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи | 00:01:04 | 0.63 % |
| Партија Десна | 00:01:04 | 0.63 % |
| Арбен Таравари | 00:21:04 | 12.39 % |
| Максим Димитриевски | 00:07:38 | 4.49 % |
| ДИК | 00:08:10 | 4.80 % |
| Стевчо Јакимовски | 00:06:09 | 3.62 % |
| Работничка партија | 00:01:08 | 0.67 % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:00:39 | 0.38 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:23 | 0.81 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:02 | 0.61 % |
| Судство | 00:01:02 | 0.61 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:40 | 0.39 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:00:57 | 0.56 % |
| **Вкупно за избори 2024:** | **02:50:02** | **100 %** |

**Вкупно анализирано време во вести = 06:12:04**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

ТВ Шења, во периодот од 4 до 22 април, не емитуваше дебати ни за Претседателските ни за Парламентарните избори, а реализираше повеќе интервјуа посветени на изборите од кои три беа со претседателските кандидати. Медиумот најави дека ќе им даде можност за интервју на сите кандидати, но не ги извести гледачите за причините поради кои не беа реализирани интервјуа со д-р Бујар Османи, кандидат за претседател поддржан од ДУИ/Коалиција Европски фронт, проф. д-р Стево Пендаровски, кандидат за претседател поддржан од СДСМ/Коалиција за Европска иднина, проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова, кандидатка за претседател поддржана од ВМРО ДПМНЕ/Коалиција Твоја Македонија и Максим Димитриевски, кандидат за претседател поддржан од Движењето ЗНАМ – За наша Македонија.

**Интервјуа**

Во емисијата *Интервју во Шења,* на 8 април, првата недела од официјалниот почеток на изборната претседателска кампања, Насер Селмани, новинарот-водител на интервјуата, најави дека ќе им се даде можност на сите претенденти за оваа државна позиција да ги презентираат своите изборни адути, но – до 22 април, крајот на кампањата, беа реализирани само три од можните седум интервјуа. Другите интервјуа, во поширок општествено-политички контекст на двата изборни процеса, се направени во актуелно-информативните емисии *Специјалност на денот* и *25 Минути*.

***Табела 33: Интервјуа на ТВ Шења***

(премиерно емитувани)

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **04.04.** | Дитмире Шеху, потпретседателка на ДИК; | - организациските изборни активности на ДИК; | **Специјалност на денот** |
| **04.04.** | Илир Хасани, кандидат за пратеник од Коалицијата Европски фронт; | - поенти од изборната програма на Европскиот фронт;<br>- анализа на изборната кампања;<br>- осврт за изборната реторика на ВМРО ДПМНЕ;<br>- условите за формирање влада;<br>- ризици за повторување на 2006 г.; | **Интервју во Шења** |
| **07.04.** | Стефан Андоновски, дополнителен заменик министер во МИОА, во преодната Влада од редовите на ВМРО ДПМНЕ; | - причини и начини на ВМРО ДПМНЕ за укинување на балансерот при вработувањето и напредувањето во државната јавна администрација; | **25 Минути** |
| **08.04.** | Стевчо Јакимовски, кандидат за претседател поддржан од ГРОМ/Коалицијата Храбро за Македонија; | - симболиката на изборното мото – Храбро за Македонија;<br>- поенти од изборната програма;<br>- коментар – зошто е евидентиран во т.н. „црна листа" на САД; | **Интервју во Шења** |
| **09.04.** | проф. д-р Билјана Ванковска - Цветковска, кандидатка за претседател поддржана од Левица; | - (не)нужноста за уставни измени;<br>- принципите на својата претседателска кандидатура;<br>- предлогот за раскинување на договорот со Бугарија;<br>- ЕУ-интеграциите; | **Интервју во Шења** |
| **11.04.** | Бесим Набиу, политички аналитичар; | - политичката понуда на партиите;<br>- колку е вообичаено коалицирањето на ДУИ со партии од други етникуми;<br>- изборната моќ на опозициската Коалиција Вреди во однос на моќта на ДУИ – Коалицијата Европски фронт;<br>- осврт кон годишниот извештај на Фридом Хаус; | **Специјалност на денот** |
| **14.04** | Јован Андоновски, заменик-народен правобранител; | - злоупотреба на лична карта за земање кредит;<br>- зошто Министерството за финансии одбива да поднесе подзаконски акт во Собранието;<br>- едукација на финансиските друштва;<br>- висината на социјалната помош; | **25 Минути** |
| **17.04.** | д-р Арбен Таравари, кандидат за претседател поддржан од Коалицијата Влен/Вреди; | - поенти од изборната кампања;<br>- коалицирањето на владејачката ДУИ со партии од други етникуми;<br>- поенти од изборната програма;<br>- осврт кон надворешната политика на Македонија; | **Интервју во Шења** |
| **18.04.** | Мехмет Жаку, комуникациски изборен штаб на ДУИ за претседателскиот кандидат д-р Бујар Османи; | - потенцијалот на д-р Бујар Османи за претседател на државата;<br>- програмата на Османи против корупцијата, за владеење на правото;<br>- Претседателските избори - навестување за Парламентарните избори;<br>- консензус за измените на Уставот. | **Специјалност на денот** |

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Секојдневно вестите од 23 часот и кусата актуелно-информативна емисија „Седмичен ретро-преглед“ емитувана од 13:30 часот во двата понеделника од изборната кампања - беа титлувани, со што беше исполнета обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање за лицата со сетилна попреченост.